СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
# ОД II-ТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 11 ЈАНУАРИ 1991 г.

Скопје, јануари 1991 година

II СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 11.1.1991 ГОДИНА

ДНЕВНИОТ РЕД СЕ НАОЃА НА СТРАНА 1,33

1. АНДОВ СОТЈАН - 1, 3, 6, 22, 87, 92, 94
2. АРНАУДОВ ЛАМБЕ - 4, 8, 14, 22, 23, 29
3. АБДИ ФАИК - 11, 38, 80, 82
4. АНАСТАСОВСКИ МИТКО - 15, 16, 39, 79
5. АЛИУ ХАМИД - 64
6. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 106, 107
7. БЕЛИЧАНЕЦ ТИТО - 39
8. ГОШЕВ ПЕТАР - 18, 25, 28
9. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР - 60, 70, 87
10. ГЕОРГИЕВ - 21
11. ДАВЧЕВ САНДЕ - 13
12. ДИМИТРОВА РАТКА - 2, 9, 10, 27
13. ДИМОВСКА ДОСТА - 25
14. ЗЕМБАКОВ ВАСИЛ - 77
15. ЗМЕЈКОВСКИ БОРИС - 5, 34, 59
16. ИВАНОВ ЉУБОСАВ - 4, 13, 29, 35, 70, 106
17. ИЛИЕВСКИ ИЛИЈА - 112, 113
18. ЈУМЕРОВСКА ЃУЛИСТАНА - 9
19. ЈАКИМОВСКИ ЉУПЧО - 15
20. КРСТЕВСКИ ЗОРАН - 36
21. КРСТЕВСКИ НИКОЛА - 26, 86, 109
22. ЛАЗАРЕВСКА БИЉАНА - 35, 37
23. МИТКОВ ВЛАДИМИР - 40, 43, 50
24. МАНЕВ ЕФТИМ - 56, 58
25. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 83
26. ПОПОВСКИ КИРО - 12, 24
27. ПРЕВАЛА ШАБАН - 104
28. ПАНОВСКИ МИХАИЛ - 30, 66
29. ПОПОВСКИ ЉУПЧО - 69
30. ПОЛОЖАНИ МЕРСИН - 76
31. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 78
32. СТАНКОВСКИ РИСТО - 68
33. СТАНКОВСКИ БОРКО - 107
34. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 53, 67
35. СПИРОВСКИ АЦО - 59, 92, 93, 94
36. СТАМЕНОВ РИСТО - 66, 67
37. ТРПЕНОВСКИ ЈОВАН - 7
38. ТОПУРКОВСКИ ВАСИЛ - 37
39. ТОШЕВСКИ МЕТОДИЈА - 96, 101, 107
40. ХАЛИЛИ МУХАМЕД - 11
41. ХАНЏИСКИ БЛАГОЈ - 60
42. ФАЗЛИУ АГИМ - 65

крај

# СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## ВТОРА СЕДНИЦА
## (11 јануари 1991 година)

Седницата почна во 16,05 часот.

На седницата претседава Стојан Андов, претседател на Собранието.

СТОЈАН АНДОВ: Ги молам пратениците да си ги заземат своите места за да можеме да почнеме со работа.

Дами и господа, пратеници и гости, ја отворам втората седница на Собранието на СРМ.

Ве известувам дека пратениците Јаким Ивановски, Благоја Чкатроски и Симеон Ивановски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Предлагам на оваа седница да работиме по следниов дневен ред:

1. Информирање на пратениците за разговорите во Претседателството на СФРЈ за идното уредување на Југославија, за политичката иднина на Југославија, одржани на 10 јануари 1991 година;
2. Предлог на одлука за намената на приходите на Народната банка на Македонија остварени по основ на камати на кредити од примарната емисија; и
3. Избор на претседател и членови на Комисијата за уставни прашања.

Последната точка ја предлагам на оваа седница бидејќи неопходно да извршиме избор на претседател и членови на оваа Комисија поради тоа што во сегашниот политички миг ова тело треба да работи во функција на остварување на задачите на Собранието, а тука претстојат неодложни задачи.

За овој предлог е извршена консултација со претставниците на политичките партии.

Дали има предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред?

РАТКА ДИМИТРОВА: (ВМРО-ДПМНЕ) Би сакала да кажам неколку збора пред дневниот ред за јавноста на нашите седници. Бидејќи се зборува дека тие предизвикуваат бура во јавноста, и дури на радиото имаше некои известувања дека би требало да бидат затворени, јас би предложила пред дневниот ред една принципиелна согласност на пратениците за јавноста на нашите седници. Сметам дека е тоа неопходно, бидејќи тоа е гарант за демократијата, зголемена одговорност, задоволување на интересите на јавноста и контрола на јавноста на нашата работа, редуцирана можност за манипулирање со пратеничкото тело, намалена можност за мистификација на парламентарниот живот и главно практична школа на парламентаризам која нам ни е посебно потребна бидејќи е ова почеток на вистински парламентарен живот кај нас.

Конечно нема што да криеме, такви сме какви што сме, правиме се што можеме за да

биде подобро. Мислам дека треба да донесеме една таква принципиелна согласност со исклучок кога има некои работи кои треба да бидат на затворена седница со донесување специјална согласност со гласање за затвореност. Тоа е мојот предлог.

СТОЈАН АНДОВ: Ви се молам да дадам едно дообјаснување ако мислите за ова прашање, а потоа ќе преминеме на утврдување на дневниот ред.

По Деловникот на Собранието одредбите што се применуваат од стариот Деловник до донесување на новиот Деловник сите седници на Собранието се отворени, само на предлог на предлагачот на поедина точка со аргументирано образложение Собранието може да се изјаснува дали треба да држиме затворена седница.

Според тоа, имаме принципиелно решение, а госпоѓа Димитрова даде дополнителни аргументи и мислам по тоа прашање не треба да се изјаснуваме, бидејќи е решено.
Држејќи се за тие деловнички одредби и во контактите со редакциите им рековме дека ние ги известуваме за терминот на одржувањето на седниците и за дневниот ред што ќе се расправа, а работа е на редакциите да проценат колку нашите седници се интересни за јавноста и на кој начин ќе известуваат. Дали со директни преноси или извесување со извесни репортажи и информации. Мислам дека и овој став не треба да го менуваме, а да не се натураме премногу на јавноста, туку јавноста и средствата за информирање да имаат право сами да одлучат колку е важно тоа ние што го расправаме, колку е тоа интересно и на тој начин тие да го пренесуваат.
Според тоа, наполно сме отворени за секој кој има интерес да ја следи нашата работа.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ: (СПМ) Јас би предложил, за тоа што во досегашните состави на Собранието во составувањето на дневните редови, така е и во светот, да биде на почетокот или на крајот на дневниот ред да има точка прашања и предлози. Затоа сега би предложил да ставиме една таква точка да се договориме дали ќе биде на почетокот или крајот? Јас предлагам бидејќи досега така беше на почетокот да биде таа како прва точка, па потоа дневниот ред.

ЛАМБЕ АРНАУДОВ: (ВМРО-ДПМНЕ) Почитувани пратеници, со оглед на состојбите во кои се наоѓа Југославија во име на парламентарната група од ВМРО повторно инсистирам да се стави на разгледување, односно мојот предлог гласи, да се постави на дневен ред Нацртот на предлогот за донесување Декларација за целосна сувереност на македонската држава, која ќе биде поделена на сите 120 пратеници, односно оние кои се присутни.
Ако сте согласни таков текст на Декларацијата имам и ако ми дозволите ќе ја прочитам. (Општо негодување).

СТОЈАН АНДОВ: Ве молам не треба да читате, текстот ќе се подели.

ЛАМБЕ АРНАУДОВ: Јас сум правник, но ќе ве замолам за едно објаснување.
Во амандманот 74 точка 5 стои: "секој пратеник има право да му поднесува на Собранието предлози на закони, одлуки, препораки, декларации и резолуции и да покренува други прашања од надлежноста на Собранието". Според тоа, јас мислам дека треба да ми дозволите да ја прочитам.

СТОЈАН АНДОВ: Ве молам, кога ќе се стави на дневен ред, тогаш ќе треба да се прочита. Сега

вие предлагате да се стави на дневен ред. Ние ќе го поставиме тоа прашање.

БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ) Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, предлагам како посебна точка од дневниот ред на нашата денешна седница да се донесе заклучок со кој ќе се задолжи Владата на Македонија посебно министерот за внатрешни работи Јован Трпеновски, да се забрани било какво натамошно уништување на документацијата од работата на Службата за јавна и државна безбедност, до изборот на новиот министер за внатрешни работи.

Овој заклучок го предлагам, бидејќи преку дневниот печат се укажува дека се уништува документацијата од архивска историска вредност на Македонија. Ова особено за клучните периоди од развојот на Македонија, како и друга документација со кое уништување се загрозува нормалното функционирање на оваа служба и интересите на Републиката.

За контрола на извршувањето на овој заклучок, предлагам веднаш да биде формирана собраниска комисија и веднаш да пристапи кон утврдуваше на изнесеното во ова барање и согласно со наодите евентуално да се побара одговорност за таквата незаконска работа,

СТОЈАН АНДОВ: Дали има уште предлози во врска со дневниот ред? (Нема).

Ве молам, да се договориме околу примената на деловничките одредби во врска со предлозите што се даваат за внесување во дневниот ред точки кои се сметаат од итен карактер.

Навистина секој пратеник има право на Собранието да предлага за разгледување и ставање на дневен ред точки кои смета дека се потребни да бидат разгледани. Меѓутоа, посебна е постапката кога се предлага по итна постапка да се разгледа некоја точка да биде ставена на дневен ред, да биде претресувана и заклучувано по неа.

Досегашниот деловник чии одредби сега се применуваат бара јасно образложение зошто се смета дека предлогот е од итен карактер. Особено вториот предлог беше образложен зошто се смета од предлагачот дека е од итен карактер и треба итно да биде претресе - но овде и по него да се одлучува во Собранието.

Меѓутоа, во секој случај кога не е предлагач Извршниот совет Деловникот вели дека Извршниот совет треба да даде мислење по тој предлог и тогаш тој предлог треба да се стави на дневен ред.

Ве молам, ако господинот Змејковски мисли дека е тоа толку итно, да го замолиме претседателот и членовите на Извршниот совет да се повлечат и да изградат мислење.

ЈОВАН ТРПЕНОВСКИ: Другар претседател, почитувани пратеници, мене посебно ми е мило што еден ваков предлог е поднесен во овој Парламент, а немам ништо против да се формира комисија дури би инсистирал да се формира таква комисија за да се утврди правата вистина.

Бидејќи доста често се манипулира со една работа која апсолутно сум сигурен дека не е точна, да се уништуваат документи и на тој начин сака нешто да се прикрие. Според тоа, било што друго да речам сепак може да остане некој да верува или да не верува,

затоа најдобро е ова што го предложи пратеникот Змејковски и би молел и тоа најитно да се формира комисија, да ги утврди правите состојби за кои инсистирам и јавноста на Македонија да биде информирана.

СТОЈАН АНДОВ: Според тоа, за оваа точка од дневниот ред што ја предложи господинот Змејковски исполнети се сите деловнички услови. Бидејќи таа дојде како втора, потоа ќе се изјасниме затоа што треба Собранието тоа да го прифати, но таа ги исполнува деловничките услови.

Да се вратиме на првиот предлог, бидејќи мораме да се изјаснуваме по редоследот како што дошле предлозите.

Првиот предлог е на господинот Арнаудов, овде да се разгледа Нацрт-декларацијата за целосна сувереност на македонската држава и денеска да се усвои.

Ве молам, овде е потребно мислење од Извршниот совет дали денеска ќе го внесеме и ви обрнувам вниамние дека никој не ја спори потребата од донесување на ваква декларација, но сепак е потребно првиот текст пратениците да не го гледаат сега, туку да имаат можност да го гледаат и во некоја постапка примерена на парламентарниот живот и на Парламентот. Ако се согласувате може да биде една ваква варијанта, ние денеска предлагаме во дневниот ред избор на претседател и членови на Уставната комисија и кога ќе ја избереме Уставната комисија да и дадеме приоритетна задача и да и наложиме најитно да подготви текст на декларација, а текстот што го подготвила парламентарната група на ВМРО да се упати до Уставната комисија.

Не знам дали тоа го задоволува предлагачот, тоа би можело овие денови да се донесе.

ЛАМБЕ АРНАУДОВ: (ВМРО-ДПМНЕ) Почитувани пратеници, ваквото образложение парламентарната група на ВМРО не ја задоволува за текстот што реков ако треба да биде порано доставен до пратениците, сепак би ја искористил оваа прилика да ја прочитам, мислам дека овој предлог мора да го ставиме на гласање.

СТОЈАН АНДОВ: Сигурно ќе го ставиме, нема проблеми, ние ќе одиме во постапка.

ЃУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА: (СРСМ) Колку што сфатив од дискуси-јата на претходниот пратеник постои потреба, како што и ова Собрание се изјасни на претходната седница, до донесување на Декларација или манифест за што се уште не се одлучивме како ќе се вика, за потполна независност на македонскиот народ. Иницијативата како таква се утврди, меѓутоа ова Собрание се изјасни во предлогот за донесување како пратеници, со оглед на тоа дека зад тој предлог стојат сите, учествуваат и партиципираат сите пратеници, односно сите пратеници преку соодветното тело кое во овој случај беше речено во форма на уставна комисија.

Сметам дека пред да се стави на гласање предлогот на пратеникот од ВМРО треба да се обмисли за она што претходно го донесовме како заклучок дека бараме оваа декларација да биде партиципирана од сите, а не да оди само предлог од парламентарната група, односно од пратениците на ВМРО.

РАТКА ДИМИТРОВА: (ВМРО-ДПМНЕ) Бидејќи за некои точки кои беа ставени на дневен ред не беше употребена ваква процедура каква што сега се предлага, а од друга страна

предлогот на нашиот пратеник вчера не беше ставен на гласање, што е исто така една работа која не треба да биде предвидувана, сметам дека денес оваа точка мора да се стави на гласање бидејќи е многу итна. Не заради тоа, ние не ни ставивме дека е тоа предлог од групата на ВМРО. Бидејќи ситуацијата е многу сериозна мора денес да се иницира. Ќе биде поделен текстот на пратениците, тој веќе беше готов, но беше до таа мера полн со грешки што немаше смисла таков каков што беше да се подели, сега ќе биде поделен и ние пратениците од ВМРО молиме само да биде прифатена и разгледана како иницијатива денес, бидејќи е многу итна работата, а ние ќе се вклучиме во донесувањето на избирањето на Комисијата и натаму ќе се вклучиме во нормална пороцедура. Заради итноста, заради моментот ние го сметаме за многу важно и овој Парламент денес тоа да не го одбие.

ПРАТЕНИК: Сметам дека Декларацијата за независност е доста важен документ и сметам дека ќе се договориме да работиме деловнички, согласно со Деловникот кој е во сила и согласно со Времениот деловник.

Молам да се примени член 120 од Деловникот на Собранието на СРМ и предлагам Декларацијата и Нацртот да ни се подели, да ја видиме, вечер, ако треба до 1,2,3 часот да ја прочитаме, да ја разгледаме бидејќи тоа е историска работа. Се правеле декларации во разни форми, но мислам во ова организирање, на оваа македонска држава со институции, факултети, академии еден ваков акт сигурно треба да го има она внимание и можеме да примениме итна постапка, онаа постапка што ја дава Деловникот. Инаку на овој начин не знам, јас сум работел во органи на управа и сметам дека другарите треба да се консултираат, односно треба да се примени член 120 од Деловникот, а тоа мислам требаше да го каже и секретарот на Собранието.

ФАИК АБДИ: (ПЦЕР) Не е од повеќе да се каже ова што се бара од група пратеници од ВМРО, меѓутоа тоа е многу важна работа, но мора да знаеме дека таа исклучително важна работа мора да помине низ дистанци и мора да и се даде голема тежина и огромна важност, една од најголемите важности, мора да се погледне секој збор, секоја запирка и точка, бидејќи декларација за потполна независност не е едноставна работа и не може туку така на брзина да се усвојува, иако веројатно тоа е проучено во рамките на ВМРО сепак заслужуваме сите партии за оваа Македонија да ја разгледаме и да гласаме за една ваква декларација.

МУХАМЕД ХАЛИЛИ: (ПДПМ) Јас мислам дека иднината на Македонија не може да зависи само од една политичка партија, туку грижата за иднината на Македонија е грижа и на сите национални колективитети кои живеат во неа. Затоа еден ваков текст денес минут до 12 не би бил прифатлив и од другите политички партии не само од Париjата за демократски просперитет. Знаеме ние дека Југославија е потписник и на меѓународни акти и според меѓународните акти еден ваков акт без јавна расправа не може да оди, бидејќи тоа е многу важно прашање што ги уредува идните односи на Македонија. Ние не сме против таква декларација. Ќе формираме ние сега уставна комисија и во таа комисија би било потребно да влезат претставници од сите политички партии, вклучувајќи ја и ПДП и после донесувањето на еден таков текст на јавна расправа би се изјасниле за тој проблем.

КИРО ПОПОВСКИ: (СПМ) Другар претседателе, почитувани пратеници, се добива впечаток дека повторно истата дискусија со иста динамика и недоразбирања започнува и денес во врска со усвојувањето на овој документ за кој овој Парламент веќе еднаш гласаше.

За да нема недоразбирања, јас сакам само да помогнам со свој предлог во јаснотијата

што можеме денес да направиме и како јас тоа го претпоставувам и мислам дека е најисправно.

Сметам дека единствено денес е можно предлогот од пратеничката група на ВМРО, денес ние како предлог за донесување да го усвоиме, како иницијатива. Текстот што пратениците го имаат да се подели на сите пратеници и да се достави во процедура до Собранието. Според тоа нереално е материјална расправа по тој документ денес да водиме. Меѓутоа, како акт, односно потреба за донесување денес Парламентот да донесе заклучок, а претседателот на Парламентот да предложи процедура на кој начин до таков акт овој Парламент дојде и усвои со што предлогот од пратеничката група би имал рамноправен третман во конечното обликување на документот што Уставната комосија, согласно со Уставот и законот ќе му го понуди на овој Парламент да усвои таков акт.

Според тоа би предложил точката да се стави на дневен ред или бидејќи претседателот на Парламентот не информира дека сличен заклучок и по првата точка беше предвидуван, доколку пратениците од ВМРО не се задоволни од тоа, да се стави како посебна точка, Парламентот да се изјасни дали прифаќа да се донесе заклучок да се подготви таков документ и во најитна постапка, но сепак во една редовна процедура, бидејќи сепак тоа е еден од најсериозните акти што овој Парламент, барем во оваа фаза, треба да го донесе, после Уставот и тоа во устав кој допрва треба да го донесеме. Затоа апелирам до сите пратеници за краен сериозен однос кон овој документ кој можеби треба да биде и платформа за идниот статус, државно правен и секаков статус на Социјалистичка Република Македонија.

САНДРЕ ДАВЧЕВ: (СРСМ) Јас предлагам да донесеме одлука на посебна седница, да се донесе македонски манифест за целосна независност, а не да гласи декларација, да ја задолжиме уставната комисија да подготви Нацрт за тој македонски манифест и тоа најдоцна до 20 о.м.

СТОЈАН АНДОВ: Молам, сега да поминеме на изјаснување.

Прв предлог за дополнуваше на дневниот ред беше предлогот од пратеникот Иванов на седниците пред дневниот ред да ставаме точка на пратенички прашаша. По Деловник тоа право пратениците го имаат и тоа не е точка од дневниот ред и ние така ќе работиме. Сега се уште сме во организирање, инаку ние ќе го спроведуваме Деловникот. Според тоа нема никакви проблеми, така ќе се работи.

ЉУБОСАВ ИВАНОВ: Дали тоа важи и за оваа седница.

СТОЈАН АНДОВ: Ако имате прашање може, кога ќе завршиме со утврдување на дневниот ред.

Според тоа останува да утврдиме каков е статусот сега и дали се прифаќаат овие две дополнувања на дневниот ред.

Првото дополнување е Декларацијата за целосна сувереност на македонската држава. Молам дали ние денес да ја ставиме на дневен ред или да заклучиме текстот сега да се подели на пратениците, а истовремено да се упати и до уставната комисија во постапка на донесување на соодветен акт за сувереноста на македонската држава
кој ќе се вика декларација или манифест или не знам како, ќе си добие нормална содржина

и ќе биде проверен од сите наши научни работници кои ќе бидат соработници на уставната комисија, да не ни префрлат како ние тоа без било кого да консултираме, веднаш одиме на него.

ЛАМБЕ АРНАУДОВ: (ВМРО-ДПМНЕ) Го молам уште еднаш претседателот Андонов да го постави предлогот така како што јас го формулирав во име на пратеничката група ВМРО-ДПМНЕ. Со оглед на тоа во каква состојба сега се наоѓа Југославија, итноста на проблемите што треба да се решаваат, јас мислам дека оваа декларација за 15 дена веќе нема ни да биде потребна на Македонија.

СТОЈАН АНДОВ: Едно појаснување за пратеникот Арнаудов.

Бидејќи имаше и други мислења, јас сум должен него повторно да го прашам и затоа го прашав дали го измени мислењето и дали има и некој друг приод.
Го ставам на гласање предлогот на господинот Арнаудов, пратеник од ВМРО, а предлогот е во име на парламентарната група на ВМРО Декларацијата за целосна сувереност на македонската држава да се стави на дневен ред денес и да се усвои.

ЉУПЧО ЈАКИМОСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ) Имам чувство дека намерно не се разбираме.

Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ инсистира, поради важноста и акутноста на проблемот, денес да се постави ова прашање на дневен ред, да се иницира расправа, а усвојувањето да остане за најкраток можен рок. Господинот претседател на последната седница инсистираше на возот. Имајте на ум, сите возови се заминати.

СТОЈАН АНДОВ: Малку е нејасно, овде е готов документ. Друго е да е предлог за донесување како што го толкуваше Киро Поповски. Ова е готов документ, дали ќе се расправа за него или ќе се донесува.

Предлагам да се изјасниме за ставање на дневен ред на овој документ.

Кој е за, нека крене рака? (42 пратеници).

Присутни пратеници во салата се 97. Според тоа нема потребно мнозинство сега да се става оваа точка на дневен ред. Нема потребно мнозинство. Треба да се договориме како ќе работиме.

МИТКО АНАСТАСОВКИ: (ВМРО-ДПМНЕ) Ми се чини дека е дојден моментот да се реши прашашето на Македонија. Сите ние сме избрани од македонскиот народ во еден даден момент од кој Македонија ќе зависи дали ќе биде држава или ќе биде нешто полошо отколку што беше. Несериозно ја сфаќаме работата. Ве молам господинот претседател од таа страна изброи 42 за да се стави на дневен ред предлогот. Ќе ми извините, од оваа страна гласаа тројца или четворица, некои ја повлекуваат раката, а не се за предлогот. Другите двајца или тројца креваат дека се воздржаки. Ве молам друже претседателе да го кажете кој е конечниот број на почитуваните пратеници во ова Собрание.

СТОЈАН АНДОВ: Прво морам да кажам дека овде имаме конкретен предлог, не да се уреди судбината на Македонија, како што рече пратеникот, туку имаме акт и тоа го ставивме на гласање по барање на пратеникот и броевме, не како што рече пратеникот претседателот изброи, туку тоа го направи надлежното лице. Беа 42 гласа тоа да се стави на дневен ред.

Потребно е просто мнозинство од присутните пратеници, а нив ги има 97. Според тоа нема потребно мнозинство.

МИТКО АНАСТАСОВСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ) Овој Парламант е демократски и е избран од народот. Нема зошто да се залажуваме. Рековме дека во овој дом се решава судбината на Македонија. Немојте да си играме со судбината на еден народ измачен во овој час пет до 12.

Нашиот предлог е јасен и гласен. Рековте дека присутни пратеници се 97. Предлогот гласи да се стави на гласање и по него да се отвори дебата. 42 гласа се за дебата. Ве молам, да се изјаснат господата пратеници за што се. Дали се воздржуваат или го одбиваат нашиот предлог. Јавноста ја следи нашата дебата. Ве молам искажете се за што сте.

ПРАТЕНИК: Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Со внимание го следам интересирањето и залагањето на другарите пратеници од ВМРО, меѓутоа сакам прво да истакнам неколку работи.

Сметам дека и за венчавање и за развод потребна е подготовка. Во моментот кавгите меѓу нас нема да ги наполнат ниту нашите џепови, нема да ги наполнат ниту благајните, ниту пак ќе го преструктуираме стопанството, ниту пак банките ќе ги преобразиме. Мислам дека во моментов ни се потребни рационални решенија како треба да излеземе од оваа ситуација. Рационално решение не се прави ат хок со авантуристички потези, туку се прави со еден разумен однос кон работата.

Таа програма што ќе ја направиме да има национален интерес, а не само да биде во моментот игра. Јас мислам во моментот ние треба да предложиме една работа, што најбрзо треба да ги избереме легитимните органи да не претставуваат.

Второ, мислам целта на оваа уставна комисија е да подготви еден таков акт, една аналитичка конструктивна подготовка да даде одговор на повеќе прашања, бидејќи не е во прашање ситна работа, Македонија настапува како економски и политички субјект и битно каков ќе биде утре нејзиниот третман. Затоа мислам дека во моментот за еден ваков договор, за декларација поготвена само од другарите од ВМРО нема да ги задоволи потребите на македонскиот народ, а мислам аналитичко подготвена и консултативна стручно изработена од наши стручњаци, само така може да даде резултати.

ПЕТАР ГОШЕВ: (СКМ-ПДП) Почитуван претседателе, почитувани пратеници, никој не е за да не се донесува акт за суверена не-зависна Македонија и тоа го констатиравме на минатата седница. И пратениците од СКМ-ПДП не се против тоа. Меѓутоа, за каков факт се работи. Се работи за факт што уште на претходната седница иници-јатива пред ова Собрание за таков документ покрена пратеникот на ВМРО-ДПМНЕ, уште на почетокот на седницата. Днеска истот се прави, иако на претходната седница го прифативме тоа, Ние и денеска го прифаќаме тоа. И бидејќи, можам да разберам дека пратениците од ВМРО не инсистираа денеска да се усвојува таков акт, јас предлагам, инсистираа, ниту пак може денеска да се усвои бидејќи било каков текст ќе добиеме денеска набрзина ниту ќе можеме да го прочитаме, ниту ќе можеме да се усогласиме околу текстот, тоа треба да се добие навреме да се прочита од сите пратеници, да се размисли и потоа да се гласа за таков документ.

Затоа, јас предлагам, да се прифати иницијативата на ВМРО-ДПМНЕ за донесување на акт за суверена независна Македонија. Иницијативата да се прифати во дневниот ред, а потоа ке се изјасниме дали ја прифаќаме или не таа иницијатива, за на наредна ница или по

толку и толку дена, овој акт да биде подготвен на овој начин е вред, Комисијата друг, трет ит.н., но да се утврди денеска и рокот кога треба да се донесе таков документ. Значи предлагам иницијатива за донесуваше од пратениците и тие и тие или тој ткест, а овој нека се подели. Но денеска не можеме да усвојуваме ние документ, ниту пак е барањето тоа. Јас така го разбирам ова прашање.

Второ, во врска со прилогот што госпоѓа Димитрова го даде во врска со јавноста на седниците, ние би оделе уште понатаму би имале и предлог на седниците на Парламентот, бидејќи ова е народен Парламент да може на Галеријата да присуствуваат слободно и граѓани на Македонија да ги следат овие седници сосема слободно, освен кога за тоа ќе се одлучи да биде затворена.

СТОЈАН АНДОВ: Ве молам дали парламентарната група на ВМРО-ДПМНЕ го слушна овој предлог кој е друг предлог дали остану-ва на својот предлог или да го ставиме само овој предлог на изјаснување.

ПРАТЕНИК: Го молам господинот претседател на Собранието, Стојан Андов да не врши опструкција на предлогот на пратеникот од ВМРО господинот Арнаудов во врска со донесување декларација за независност и да заврши гласањето, освен што констатиравме дека има 42 гласа за, не констатиравме колку се воздрнаки, колку има гла-сачи против. Значи не е завршено гласањето.

Исто така, во врска со предлогот да биде донесена уште една точка иницијатива за декларација за независност на Македонија, дозволете да биде поделена декларацијата на пратениците да се запознаат со содржината, да поразгозараме денеска за оваа точка на дневен ред, со тоа не значи дека токму во таа форма ќе биде прифатена декларацијата, може да се дадат и други предлози и мислења, па врз основа на тоа да биде донесена декларацијата независно.

ПРАТЕНИК: Почитуван претседателе, почитувани пратеници, би сакал да помогнам. Оваа и слични такви активности и блокади на работата на нашиот Парламент да ја избегнеме. Сигурен сум дека суштината на ова прашање е во следново: како одреден број пратеници да сакаат да покажат дека тие се Македонци, дека тие се за Македонија, а дека некои други пратеници во овој Парламент не се за Македонија и не сакаат да биде таа суверена самостојна Република Македонија. Затоа го молам претседателот на Собранието за да не доаѓаме до такви блокади понатаму, по списокот на пратениците да побараме изјаснување. Секој поединечно да се изјасни дали е за суверена демократска Република Македонија или не. Ако констатираме дека сите пратеници се за сусверена, демократка Република Македонија, тогаш ќе бидеме на јасно дека нема овде пратеници кои се против ова и на кои не им е место во овој Парламент и да не доаѓаме до такви блокади. Уверен сум дека нема такви. Меѓутоа, сите лично да се произнесме, па на некои другари да им стане јасно дека не се само тие за Македонија, дека сите 120 пратеници се за демократска, суверена Република Македонија. Мислам дека суштината на овие блокади се во ова, а не во Деловникот и во незнаењето на неразбирањето.

ПЕТАР ГЕОРГИЕВ: (СРСМ) Другар претседателе, дами и господа, другарки и другари, предлогот што го даде пратеникот од ВМРО беше јасен. Предложија Нацрт на декларација за утврдување на суверенитетот на Македонија. Едно е само сигурно по Деловникот што не го постави претседателот прашање дали како предлагач пратеничката група од ВМРО може на самата седница да предложи. Јас сметам дека до сега ние ќе бевме и на третата точка ако

се согласивме со кратко усвојување да се постави на дневен ред како што беше предложено Нацрт на декларација поминува преку Деловникот, затоа што јас го имам текстот, досега ќе беше прочитан, бидејќи го немавме добиено пред самата седница и ние таа точка ќе ја завршевме само толку да добиевме како нацрт од страна на пратеничката група од ВРМО и да се достави тој нацрт до Комисијата која треба да ја избереме по третата точка од дневниот ред за уставни прашања.

Со тоа јас предлагам да се постави на дневен ред и да се прочита самата декларација како текст ќе претрпи сигурно од самата комисија големи измени, ќе биде усогласен како еден акт кој е историски, но да ги почитуваме другарите кои се потрудиле, направиле нешто, само на самата седница да го прочитаат и оттука да не се отвори никаква расправа, бидејќи не можеме квалификувано денеска да расправаме по овој акт.

СТОЈАН АНДОВ: Ние овде во третманот на предлогот одиме токму по Деловникот, ако добиеме нацрт ќе го третираме како нацрт, имаме текст кој не е нацрт. Го имаме текстот, се држиме за тоа што ни е нас доставено и го дадовме на гласање, добивме резултат се работи за тоа што не се задоволни од резултатите на гласањето. Ако барате поединечно да гласате, можеме и така да направиме. А ве молам, немојте овде да ме третирате да проверувам, го немам тоа овластување, кој е поголем Македонец или не. Ве молам, овде се дава предлог.

Основниот предлог е на господин Арнаудов. Текстот што е даден, декларација за целосна сувереност на македонската држава и текст на таа декларација, нема тука ни нацрт, ни полунацрт, тоа е дадено. Никаква претходна постапка. Според тоа, потполно е јасно што е дадено. Ве молам кој е овој текст да се стави на дневен ред да дигне рака. Повторно да гласаме да излеземе во пресрет на госпоѓа Димовска.

ЛАМБЕ АРНАУДОВ: (ВМРО-ДПМНЕ) Веројатно има лента како е снимено. Можеби е испуштено овде Предлог на нацрт, меѓутоа, јас во својот предлог реков да се донесе Предлог на нацрт на декларацијата за целосна сувереност на македонската држава. Јас мислам дека нема проблем да продолжиме ако дозволите да се прочита овој текст, па тој текст потоа нека го разработат стручните служби, Уставната комисија која треба да донесе целосен текст и после сите демократски расправи по редослед како треба да се донесат. Сметам дека треба да ми дозволите да го прочитам овој текст.

СТОЈАН АНДОВ: Видете, поделен е текстот на пратениците, го имаат. Новинарите го имаат, во јавност е даден. Навистина не знам што барате.

САНДРЕ ДАВЧЕВ: (СРСМ) Морам да кажам дека овој предлог не е на Арнаудов, туку на Љупчо Горѓиевски, а уште еднаш можеме да го прочитаме член 120 во кој пишува дека само пратеник може да предлага, а не може лидер на партија.

СТОЈАН АНДОВ: Имаме предлог не да се уврсти на дневен ред, туку пред усвојувањето на дневен ред да го прочита Арнаудов текст на Декларацијата. Ве молам дајте предлог. Што е предлогот?

ЛАМБЕ АРНАУДОВ: (ВМРО-ДПМНЕ) Јас предложив кога излегов Предлог на нацрт на декларација за целосна сувереност на македонс-ката држава. Бидејќи таа не беше доставена предложив и да ја прочитам. Ако е сега доставена. Бидејќи ова се однесува за целата македонска јавност, јас сметам дека треба да се прочита. Молам господинот што рече за Љупчо Георгиевски, ова е само писмо пропратно кој го пратил документот, а овој документ е

на целата парламентарна група.

СТОЈАН АНДОВ: Предлагаш ли да прочиташ? Дали пратениците се согласуваат да се прочита?

Молам, кој е да се прочита текстот да дигне рака? (46 пратеници).

Кој е против? (49 пратеници).

Има ли воздржани? (Нема).

Има ли некој кој не гласа? (Голубовски не гласа).

Според тоа, господинот Арнаудов ќе ги остави луѓето да прочитаат сами. Ве молам, ова е од принципиелно значење. Може да дојде секој по деловнички има право или со согласност на Собранието, а не инаку.

КИРО ПОПОВСКИ: (СПМ) Почитувани пратеници, мислам дека по предлогот се изјаснивме, меѓутоа јас дадов дополнителен предлог Собранието да донесе заклучок за потреба од донесување на акт за суверена Македонија.

СТОЈАН АНДОВ: Ве молам, тоа е заклучено. Двапати ли да заклучуваме?

Има збор госпоѓата Димовска.

РАТКА ДИМОВСКА: (ВМРО-ДПМНЕ) Покрај предлогот на господинот Арнаудов, имаше и предлог од Петар Гошев, за покренување иницијатива за донесување на Декларација. Молам да се гласа и за овој предлог.

СТОЈАН АНДОВ: Ве молам цел ден и цела ноќ може да се предлага, но не можеме зашто треба да има редослед.

Предлогот на Петар Гошев како иницијатива го ставаме овде и по него ќе расправаме како точка на дневен ред.

ПЕТАР ГОШЕВ: (СКМ-ПДП) Бидејќи,излгеда има забуна во врска со тоа дали е некој против или за донесување на акт за суверена македонска држава и бидејќи сметам дека никој не е, сметам дека тоа треба да се направи по постапка која ќе обезбеди квалитет на тој акт што ќе го донесеме и така го разбрав, првобитниот предлог и од минатите сеници што овде беше поставуван, затоа мислам дека треба да прифатиме ние денеска иницијатива за донесување акт за независност, за суверена македонска држава. Така да се прифати во дневниот ред, да се прифати како предлог за кој ќе се изјасниме, а тоа може и сега да го направиме. А, мислам начинот на донесувањето на тој акт да биде во рамките на комисијата што денеска ќе ја формираме и со закажан рок на која седница тоа на најбрз начин. Ете тоа беше предлогот.

СТОЈАН АНДОВ: Ве молам само да ве потсетам. Расправите што ги имавме пред една вечер овде заклучивме дека е потребно да се донесе таков акт и таков заклучок имаме донесено. Сега иницијативата ако дојде овде дали да расправаме по тоа или не знам што да правиме или повторно да заклучиме уште еднаш.
ПЕТАР ГОШЕВ:(СКМ-ПДП) Па бидејќи се бара да се заклучи прецизно по тоа прашање ние за

него зборувавме во рамките на минатата седница дека тоа ќе го направиме со формирање на уставна комисија и бидејќи еве изгледа има нејаснотии околу тоа да го утврдиме тоа денеска прецизно дека ова Собрание ќе донесе по толку и толку време еден акт за прашањето за кое се залагаме.

НИКОЛА КРСТЕСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ) Заради економско водење на седницата, прво околу последната иницијатива, треба да се разликува дека иницијатива не може да се сфати формално на дневен ред. На претходната седница беше прифатена иницијативата за донесување, односно за разгледување. Како трето, Собранието има постојани тела, како и повремени работни тела и комисии, каде што и по службен пат врши одредени постапки и должности па ние не можеме на се да го потсетуваме. Иницијатива не може да се стави на дневен ред за тоа сметам не треба и да гласаме како и да се надгласуваме за тоа.

СТОЈАН АНДОВ: Ве молам, да не ја оптоваруваме седницата. седницата да биде и малку работна, а не толку манифестациона.

Бараше збор госпоѓа Димитрова.

РАТКА ДИМИТРОВА: (ВМРО-ДПМНЕ) Се извинувам што по вакво прашање се јавувам по втор пат. Мислам дека се пропушта еден предлог тоа беше иницијатива, прифаќање и читање на декларацијата. Тоа беше се што баравме ние. Мислам дека е многу невкусно да се прифатат вакви сколастички расправии и дека тоа зависи од претседателот кој ја води седницата и никој не е против квалитет. Кај нас ова беше само еден предлог, но не е во ред, незнаење на процедура да се излага на потсмев. Ние сме сите нови избрани од народот и не ги знаеме процедурите. А една ваква крупна работа да се подведува под чиста процедура и да се дезавуира на некој начин не е во ред.

Мислам се што баравме може да се прифати и да влезе во предлогот од другарот пратени, не знам од кој беше, иницијативата да се прочита декларацијата и да ја прифати како почеток за Комисијата за уставни прашања. Барам тоа да се постави тоа на гласање, дали може иницијатива да се постави на дневен ред.

СТОЈАН АНДОВ: Ве молам да знаеме да се разјасниме, процедурата тоа се правила на демократијата. Нарушувањето на процедурата е нарушување на демократијата. Од друга страна никој на никого не му се потсмева кој колку знае, но мора да ги чистиме работите, одговорно да работиме. Тоа е нашата задача. Одговорно да работиме и ништо повеќе.

Ние го ставивме на гласање дали да се чита текстот на декларацијата. Добивме резултати, немојте да не ги признаваме резултатите од гласањето. Не може. Тоа е деловник, утврдена е постапка и ништо повеќе.

Според тоа ако е задоволен од објаснувањата на господинот Никола Крстески, пратеникот Петар Гошев, треба да каже дали го повлекува или останува на тој предлог. Извинете морам да го консултирам предлагачот заради тоа што овде сега доаѓаат други сознанија. Не гледам причина, оваа говорница да биде надметување кој е поголем Македонец. Треба да работиме како Парламент, а не заради тоа да се става точка на дневен ред.

ПЕТАР ГОШЕВ: (СКМ-ПДП) Јас ја прифаќам иницијативата за донесуваше на акт за суверена

македонска држава. Таа иницијатива беше и на минатата седница.

СТОЈАН АНДОВ: И прифатена на седницата.

ПЕТАР ГОШЕВ: (СКМ-ПДП) И таа иницијатива беше и прифатена, добро. Имавме еден предлог на текст, кој беше навистина поширок и од пратеникот Тодор Петров. Имаме вечерва уште еден предлог. И тој текст на иницијатива на текстот треба да биде поделен на пратениците. И текстот на Петров и овој текст што е вечерва предложен, што е поделен, треба да бидат доставени до Комисијата, затоа што иницијативата е прифатена и Уставната комисија врз основа на тие текстови и многу други што ќе бидат подготвени и дадени да се задолжи да подготви за наредна седница на Собранието, конкретен акт за кој ќе расправаме. Ете јас така ја разбирам сета сваа работа.

СТОЈАН АНДОВ: Значи подвлекуваш тоа да не биде на дневен ред. Благодарам. Тоа значи го објаснивме прашањето.

ЛАМБЕ АРНАУДОВ: (ВМРО-ДПМНЕ) Мислам дека на ВМРО и на мене не ми е нанесена една неправна во овој Парламент бидејќи господинот независек пратеник Тодор Петров кога ја читаше својата декларација не беше на гласање туку директно ја прочита, а нашава декларација со која треба да биде запозната сета македонска јавност, за неа се оди на гласање.

СТОЈАН АНДОВ: Ве молам, јавноста ќе биде запозната, бидејќи вашиот текст е печатен и поделен, а неговиот беше во ракопис и немаше начин како да биде јавноста запозната со неговиот текст. Ве молам да завршиме со оваа расправа, да одиме на второто прашање.

ЉУБОСАВ ИВАНОВ: (СПМ) Почитувано претседателство, почиту вани пратеници, ве молам се расправавме за една работа која треба да биде завршена. Има предлог за донесуваше на декларација. На минатата седница расправавме за истото. Меѓутоа, ако носиме декларација таа декларација треба да биде суштествена, содржински подготвена од еминентни луѓе кои ги има оваа Македонија. Имаме уставна комисија која ќе може да се состане по третата точка од дневниот ред таму стои, можеме да расправаме за тоа, да овластиме комисија да вклучиме еминентни луѓе да предложи една декларација. Не сум против тоа да се земат предвид и предлозите на пратениците од ВМРО како нацрт и предлогот од пратеникот Тодор Петров за да послужат како една појдовна основа за таа декларација. Меѓутоа не можеме да донесеме декалрација, затоа што не може да биде суштински за овој народ. Сите сме за декларација.

Ве молам не треба да расправаме повеќе, сите сме за неа. Дајте да дадеме предлог на уставната комисија ако треба и поширока комисија да се оформи од стручњаци да ни предложи дефинитивен текст за кој ќе расправаме и што побргу да донесеме таква декларација. Губиме време за работи што можат да се решат за пет минути. Затоа да се донесе заклучок, да се оформи уставна комисија, ако треба да формираме и стручна комисија да ни предложи текст за декларација, која ќе ја видиме, ќе расправаме и ќе ја усвоиме.

МИХАИЛ ПАНОВСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ) Го делам мислењето на претходниот дискутант и на годподинот Гошев, претседател на СКМ-ПДП, затоа се залагам оваа декларација да ја усвоиме, зашто е многу битно да го запазиме рокот. Ми се чини дека господинот Гошев рече 20 јануари. Затоа предлагам на идната седница да биде внесена како точка во дневниот ред. Во подготвувањето на текстот на декларацијата да бидат вклучени најеминентните и

најпаметните Македонци, мислам најголемите наши умови за подготвување на текстот. Доколку не ја донесеме таа декларација до 20 или 21 јануари нашата Делегација што ќе оди на 23 јануари на преговори во Белград на втората рунда преговори ќе има многу послаби позиции во тие преговори. Заради тоа е многу битно да ја донесеме таа декларација за да им овозможиме многу поголеми позиции на нашите преговарачи.

Сакам на госпоѓицата од Реформските сили, ми се чини не и го знам името се извинувам или госпоѓа, не знам што е, да и кажам дека ние во ВМРО не сме авантуристи, туку и го мислиме најдоброто на Македонија и на овој народ.

И ве молам во иднина да нема во гласањето од едни пратеници од една партија према други пратеници од друга партија сугерирање. Ако се продолжи со такво нешто го опоменувам претседателот на Собранието на СРМ имаме фирми СЕМОС и какви не други за електроника нека се овозможи како што е во рускиот парламент се тастери да гласаме. Да се исклучи судерурањето на пратениците како да гласаат.

СТОЈАН АНДОВ: Ве молам расправаме за дневниот ред и се договоривме. Повеќе за дневниот ред се договоривме и зашто да условуваме.

СЕЈФЕДИН ХАРУНИ: (ПДПМ) Почитуван претседателе, почитувани пратеници, ние сите тука скоро мнозинството имаме политичка младост. Меѓутоа, уште првиот ден завчера вториот ден и денеска, повеќе ми изгледа дека е манифестационо отколку работно. Би сакал да биде работна.

СТОЈАН АНДОВ: Ве молам, веќе никој да не се јави кој не е за дневен ред. Расправаме за дневен ред. Јас не знам што ќе кажете ако уште се јавувате. Не би ни дал збор, ако не разговарате за дневниот ред.

Ве молам, констатирам оваа точка сега не ја ставаме на дневен ред, а имаме заклучок под итно да се донесе и за тоа пак ќе разговараме сега во врска со информирањето овде и со информирањето од Комисијата. Ќе расправаме тогаш кога ќе ја формираме комисијата.

Понатаму на дневен ред го ставам предлогот на пратеникот господин Змејковски.

Тој предложи две работи, да се формира комисија како привремена и Секретаријатот за внатрешни работи да овозможи увид, така ли беше, еве да го видам предлогот, да се задолжи Владата на Македонија и посебно Секретаријатот за внатрешни работи да се забрани било какво натамошно уништување на документацијата од работата на Службата за јавна и државна безбедност.

Предлагам ова да биде скратена точка во дневниот ред, и ако треба расправа да водиме за тоа, значи да гласи Проблематиката на евентуалното уништување на документацијата. Тоа да биде како точка на дневен ред. Тогаш да расправаме за што треба да го задолжиме Извршниот совет и секретарот за внатрешни работи, а исто така да формираме соодветна комисија. Ако се согласуваме така да постапиме, до расправата по оваа точка, го молам претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата да обезбеди комисија и да даде предлог за составот на комисијата.

Молам, предлагам, да се изјасниме по оваа точка и да се изјасниме по овој предлог од Змејковски со тоа што мислењето на Извршниот совет таа точка да се усвои, односно

да влезе во дневниот ред.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратенитците креваат рака)

Според кревањето на рака можам да констатирам дека мнозинството е за.

Дали има против? (Нема).

Дали има воздржани? (Нема).

Констатирам дека оваа точка е внесена во дневниот ред.

Според тоа на оваа наша седница ќе работиме според следниов дневен ред:

1. Информирање на пратениците за разговорите во Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија за идното уредување на Југославија, одржани на 10 јануари 1991 година;

2. Предлог на одлука за намена на приходите на Народната банка на Македонија остварени по основ на каматите на кредитите од примарната емисија;

3. Избор на претседател и членови на Комисијата за уставни прашања;

4. Разгледувањето на проблематиката на евенту^лното ниш-тење на документацијата и архивската граѓа во органите на внатрешни работи и органите вс Службата за државна и јавна безбедност.

Дали некој бара збор?

БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ) Јас мислам дека бев многу јасен. Во самиот предлог стои како е назначено. Ние не бараме комисија да се формира за ништење на архивите, туку бараме да се спречи тоа ништеше. Во самиот предлог доставен од претседателот добро стои и затоа барав да се прочита по втор пат.

СТОЈАН АНДОВ: Пак ќе појаснам зошто така го формирав предлогот. Во предлогот стои за било какво натамошно ништење. Ако усвоиме значи се согласува Собранието дека веќе има ништење и само натаму да престане. Го илушавме секретарот за внатрешни работи кој тврди дека нема ништење и токму тоа да не биде. Затоа јас реков овде да се разгледа проблематиката во врска со евентуалното ништење. Ако има да се утврди. Ако нема, ќе се утврди дека нема. Ако има ништење, да се запре и да се види зошто е тоа ништење и чија одговорност треба да биде. Притоа, треба да се види во текот на расправата што да заклучиме. Дали да ја задолжуваме Владата и Министерството за тоа или законските одредби веќе ги задолжиле како да прават и да не уништуваат. Во секој случај се согласувам да се формира Комисија што ќе ја утврди фактичката состојба.

Дали сега двајцата се согласувате?

Предлагам тоа да биде четвртата точка од дневниот ред.

Дали се согласувате? (Се согласуваме)

Преминуваме на поставување на пратенички прашања.

Има збор пратеникот Љубосав Иванов.

ЉУБОСАВ ИВАНОВ: (СПМ)Прашањето е упатено, нормално, до стариот Извршен совет бидејќи се уште немаме нов.

Што мисли да преземе во однос на Љубљанска банка да ги заштити нашите граѓани, да ги заштити правата во однос на **штетните?** влогови и другите права што произлегуваат од тоа, бидејќи гледаме дека во другите републики особено Хрватска меѓу кои имаше голема љубов, меѓу Врховништвото на Хрватска и раководството на Словенија по прашањето на заштитата на правата на граѓаните во Хрватска, но раководството на Хрватска преземе многу енергични мерки.

Знаеме дека Љубљанска банка повлече огромни средства од Федерацијата. Таа ги исполни обврските спрема граѓаните на Словенија, но тоа не го направи особено во однос на Македонија.

Поставувам прашање што ќе преземе Извршниот совет во однос на Љубљанска банка и во однос на филијалата да ги заштити интересите и правата на нашите граѓани.

СТОЈАН АНДОВ: Претставникот на Извршниот совет соопштува дека одговорот ќе биде даден на следната седница.

Има збор пратеникот Биљана Лазаревска.

БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:(ВМРО-ДПМНЕ)На синоќешната емисија во која на прашања на слушателите одговараше господинот Тупурковски од една наша слушателка од Куманово му беше поставено следново прашање.

Зошто на состанокот на Претседателството на кој е донесена Одлуката за враќање на оружјето не се преземени мерки за враќање на парите што ги украде Србија кое е како прашање побитно од првото од моментот за опстанокот на Југославија.

На ова Тупурковски одговори дека на тој состанок не присуствувал. Во обидот да го продолжи прашањето на нашата слушателка и да го надополни, била исклучена најверојатно заради технички причини, па така денеска бев посетена од група мои сограѓани кои побараа од мене второто прашање да го поставам пред ова Собрание.

Затоа го прашувам другарот Тупурковски дали може без присуство на претставник на една суверена република да се донесе одлука од можеби, воено стратешки карактер, што е и тоа како пресудек за безбедноста на Југославија и Македонија. Дали на тој состанок е потпишан некој документ и ако е потпишан каде е вашиот потпис.

СТОЈАН АНДОВ: Јас повторно жалам што морам да спомнам како пишува во Деловникот. Не може на друг начин да работиме освен по Деловникот. Инаку, нема ред.

Според Деловникот, пратенички прашања се упатуваат на Владата и на органите.Не е предвидена можност да се прашува член на Претседателството. Притоа на волја на членот

на Претседателството е дали ќе одговори. Обврска не постои. Деловничка обврска не постои.

Има збор пратеникот Крстевски.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ: Поставувам прашање во врска со Законот за изборите и именувашата пратеници и одборници, односно за примената на член 69 во врска со финансирањето на политичките партии врз основа на постигнатите резултати од изборите.

Бидејќи таква стапка е одобрена во буџетите и има, така да кажам општа распределба на средствата, таму постои критериум но понатаму не се знае како ќе се операционализира. Молам, Извршниот совет по можност сега да одговори дали постојат критериуми и кога ќе бидат префрлени средствата на политичките партии.

БИЉАБА ЛАЗАРЕВСКА:(ВМРО-ДПМНЕ)Не добив одговор на моето прашање дали другарот Тупурковски сака да одговори.

СТОЈАН АНДОВ: Јас кажав. Не е негова обврска да одговори. Ако тој сака, може да одговори. Само да заклучиме по ова прашање, да не се враќаме повторно, пратеникот Крстевски ќе добие одговор на наредната седница.

Има збор Васил Тупурковски.

ВАСИЛ ТУПУРКОВСКИ:Јас ја поздравувам ваквата непосредна комуникација. Силен поборник сум на непосредна комуникација меѓу граѓаните нивните претставници, функционери кои кога сакате и како сакате иако ваквата практика најверојатно би ја оптоварила работата на ова Собрание. Можам да одговорам многу конкретно бидејќи беше поставено прашањето. Јас и сношти одговорив, може да биле технички пречки.

Претседателството одлучува со мнозинство на гласови при што има неколку видови на мнозинство: квалифицирано, просто итн. Значи Претседателството не одлучува за ниту една одлука со целосно изјаснување позитивно на неговите членови, односно со консензус. Така што можела да се донесе и таа одлука по пат на надгласување, односно мнозинство.

Одлуките од овој тип ги потпишува претседателот на Претседателството, а не членовите, така што мој потпис таму нема.

Да ви кажам, бидејќи се работи не за тип на прашања како што можеби погрешно сфатив дека беше интерпретирано во една негативна конотација од воено стратешка природа туку прашаше од навистина воено стратешка природа, но пред се, во една крајно позитивна ситуација да се спречи евентуална конфланграција од типот на употреба на сила во Југославија.

Претседателството, како врховна команда на иницијатива на Советот за заштита на поредокот предвиди со Уставот на СФРЈ каде што е утврдено со непобитни факти изнесени од надлежните органи, Сојузниот секретаријат за народна одбрана, Сојузниот секретаријат за внатрешни работи и другите служби што соработуваат со Советот за заштита на поредокот предвиден со Уставот,предложи и по пат на гласање, со мнозинство на гласови за што е известена југословенската јавност, донесе таква наредба.

СТОЈАН АНДОВ: Има збор пратеникот Фаик Абди.
ФАИК АБДИ:(ПЦЕР) Во текот на откомври или ноември во Македонија престојуваше делегација

од Германија од Фестфалија. Јас бев повикан во Извршниот совет на Македонија за некои разговори околу диво и легалното поминување на границата на Роми во Германија од Скопје, Куманово и други краишта. Во Германија се отвори проблем по ова прашање. Имавме одредени ставови во Македонија. Јас не присуствува на крајните разговори, меѓутоа одредени групи од Германија, мислам на новинарски делегации, официјални - неофицијални и од парламентот официјални - неофицијални доаѓаат во Југославија, во Македонија преку Секретаријатот за информации, даваат погрешни информации и толкувања и се создава една конфузна состојба.

Молам, Извршниот совет да даде вистинска информација, точна, каква е состојбата и да се преиспита во Германија дали ги депортираат тие луѓе или доаѓаат онака од своја волја. Тоа е едно.

Второ, Секретаријатот за внатершни работи има некое писмо од Сојузниот секретаријат за внатрешни работи за одземање на патни исправи. Тоа е ограничување на слободата на луѓето. Има многу одземени пасоши. Молам да се донесе став да се вратат пасошите.

СТОЈАН АНДОВ: Одговор на прашањето ќе биде даден на наредната седница.

Има збор делегатот Митко Атакасовски.

МИТКО АТАНАСОВСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ) Ова прашање ме загрижува мене и целата македонска јавност.

Пред некое време во средствата за јавно информирање прочитавме дека се вршат некои не протерувања, туку македонскиот народ од Егејскиот дел на Македонија, од Беломорскиот дел, масовно се иселуваат од Тетово.

Ми се чини дека, ова прашање го поставувам директно до Извршниот совет ако е запознат со таа ситуација, што презведе да се спречи иселувањето и кои се причините за иселувањето на тие граѓани.

СТОЈАН АНДОВ: Има збор потпретседателот на Извршниот совет Тито Беличанец.

ТИТО БЕЛИЧАНЕЦ: Ова делегатско прашање и порано беше поставено, во поранешниот состав на Собранието и Извршниот совет даде само делумен одговор, бидејќи не го прифати целосно материјалот што го поднесе надлежниот ресорен орган и го задолжи да го дополни со други податоци, да провери уште некои од податоците што беа изнесени во Информацијата, да даде поцелосна писмена информација.

За наредната седница во понеделник или вторник ќе ја усвои Информацијата и на делегатот ќе ја доставиме во облик на писмена информација за целата состојба околу ова прашање.

СТОЈАН АНДОВ: Значи на наредната седница.

Дали има други пратенички прашања? (Нема).

Преминуваме на првата точка - Информирање на пратениците за разговорите во Претседателството на СФРЈ за идното уредување на Југославија, одржани на 10 јануари 1991 година.

Се договоривме Владимнр Митков, претседател на Претседателството да даде информација.

ВЛАДИМИР МИТКОВ: Почитуван претседателе, почитувани пратеници, дозволете ми најпрвин да ве известам дека, во согласност со положбата и улогата на Претседателството на Социјалистичка Република Македонија кое ги врши своите уставни функции до избор на претседател на Републиката, според новите уставни решенија во нашата Република, денес претпладне на седница на Претседателството го информирав Претседателството на Социјалистичка Република Македонија за текот на расправата на седницата на Претседателстрото на СФРЈ на која се разгледуваше политичката иднина на земјата и за учеството на претставниците од Социјалистичка Република Македонија на оваа седница и во расправата.

Во таа прилика истакнав, а и овде веднаш пред вас тоа сакам да го соопштам дека настојував доследно да се придржувам кон основните појдовни принципи што и ова Собрание ги утврди како рамка нашето настапување на оваа седница во Претседателството на СФРЈ, а што пред тоа беа утврдени и на проширениот консултативен работен состанок во Претседателството на Социјалистичка Република Македонија, со учество на претседателот на Собранието, претседателот на Извршниот совет на Собранието на СРМ и претседатели на политичките партии застапени со пратеници во Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Врз основа на моето усно излагање и овие информации што ги дадов, Претседателството на СРМ заклучи дека претседателот се придржувал кон појдовните основи за учеството на Републиката во разговорите за идното уредување на земјата, формулирани на овој проширен консултативен состанок, работен состанок, во Претседателството на СРМ и кои ги прифати и Собранието на СРМ и во таа смисла го одобри моето излагање.

Притоа, сакам и овде да нагласам дека лично оценив оти со прифаќањето на тие појдовни основи всушност ние, претставниците од Социјалистичка Република Македонија на овие разговори добивме своевиден императивен мандат да ги изложиме тие појдовни основи и доследно се придржуваме кон нив.

Пред да пристапам поконкретно кон информирашето за овој прв разговор во оваа фаза од изнаоѓање решенија за иднината на земјата, би сакал да ви соопштам дека на седницата на Претседателството на СФРЈ на која што учествуваа сите членови на Претседателството на СФРЈ и сите претседатели на републиките, односно претседатели на претседателствата на социјалистичките републики и на автономните покраини, на која уште присуствуваше и претседателот на Сојузниот извршен совет, потпретседателот на Собранието на СФРЈ и претседателот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија другарот Стојан Андов, сите присутни учествуваа во расправата и ги изнесоа своите погледи и видувања за иднината на земјата.

Во таа смисла, навистина, во една првична усна информација, бидејќи стенографските белешки се уште не се добиени, беше речено дека денеска треба да ги добиеме, навистина е мошне тешко да се опфатат сите прашања особено некои поединечни кои се покрена ти на средбата. Ќе се потрудам групирано, по значењето на проблемите што се покренати, да ја дадам оваа прва усна информација што ја темелам врз основа на моите лични забелешки и впечатоци од самата седница.

На седницата на Претседателството на СФРЈ претставниците на републиките и на

автономните покраини, а се разбира и членовите на Претседателството на СФРЈ ги изнесоа своите погледи за изнаоѓање на патиштата и на решенијата за политичката иднина на земјата. Може да се констатира, а впрочем тоа е и веќе констатирано во соопштението што беше дадено од оваа седница, дека разговорите навистина се водеа во атмосфера на отвореност и толеранција. Највисоките раководители на републиките ги соопштија своите видувања и ставови за разрешувањето на политичката и уставната криза на Југославија и за постигнувањето на нов историски договор за заедничкото живеење во Југославија. Се разбира, притоа беа изнесени во вистинската смисла на зборот различни идеи и опции, односно алтернативи за решавање на сложените проблеми во земјата, на политичката ситуација, на тешката економска ситуација, но истовремено е изразена и готовност решенијата да се бараат навистина на мирен и демократски начин со уважување на гледањата на другите со истовремено интензивирање, настојување да се интензивира работата во републиките, да дојде до разговори меѓу одделните републики, а потоа и во институциите на Федерацијата, во прв ред во Претседателството на СФРЈ.

Меѓу прашањата што беа покренати посебно, според моја оценка и видување, се значајни следниве прашања.

Првото прашање кое речиси доминираше низ целата расправа на седницата и се разбира беа изнесени различни, главно, два основни прииода кон тоа прашање, беше проблемот кој треба да биде основен субјект во договарањето за иднината на СФРЈ. По ова прашање имаше повеќе гледишта, но ми се чини доминираат два основни прииода. Според претставниците на едни републики, тука во прв ред Словенија, а доста слично гледиште изнесе и Хрватска основен субјект на договарањето за иднината на земјата треба да бидат републиките како носители на суверенитетот, односно како самостојни и суверени и дека не можат да се прифатат органите на Федерацијата како органи во договарањето и арбитрирањето, туку само како организатори на тие разговори, затоа што тие не се надредени органи на републиката.

Кон ова сакам да додадам дека во нашите ставови ние исто така, истакнавме дека се залагаме за таквата Југославија за чие идно уредување ќе се договорат суверените републики. Според тоа, во основа е присутен и тој наш приод во ова гледиште, но овде се работи во првобитното излагање за едно покатегорично произнесување за учество само на републиките и договарање меѓу републиките без притоа да се нагласи значењето и на органите на Федерацијата. Што, инаку, конечно, како што ќе видите од натамошното излагање, се усвои како едно заедничко решение дека треба напоредно да се одвиваат овие процеси на договарање. Во тој конктекст за идните односи треба да разговараат според ова гледиште прво републиките меѓу себе, а во втората фаза да се вклучат и сојузните органи. Според ова становиште од битно и суштинско значење за постигнување на новиот историски договор за иднината на земјата се меѓусебните разговори меѓу републиките.

Според другото становиште кое главно го изнесоа претставниците на Република Србија не е прифатлив приодот дека Југославија не постои, дека постојат само републики. Напротив според ова гледиште СФРЈ постои и за идното уредување на земјата треба да се одлучува преку институциите на Федерацијата, а републиките се самостојни во изнесувањето на своите ставови. Во овој контекст во расправата од други учесници беше истакнато дека проблемите треба да се разрешат во билатералните разговори меѓу републиките и дека веднаш треба да се пријде кон тие разговори, но истовремено и Претседателството на СФРЈ да продолжи со својата активност и таа да се одвива паралелно со билатералните разговори меѓу републиките. Сепак, конечно е договорено да се интензивира работата и меѓу републиките во тие меѓусебни преговори, разговори и договарања и во рамките на органите на Федерацијата.

Второ, во разговорите од одделни учесници се инсистираше на прецизирање на прашањата за кои треба да се разговара. Споменати се три групи на прашања.

Прво, пред да се пријде кон разговор за суштинските прашања за иднината на земјата најпрво да се изврши разграничување на правата и обврските меѓу Федерацијата и републиките. Тука се мисли на материјални, финансиски, нормативни и слично, што досега се преземало.

Второ, утврдување на таканречен минимум на функции на Федерацијата што таа треба да ги врши до постигнување на новиот договор за идното уредување на земјата во таканаречениот преоден период од шест месеци, односно од една година.

Трето, најсуштинските прашања кои се однесуваат на иднината на земјата.

Овие прашања, се разбира, беа со внимание сослушани, но истовремено и коментирани од одделните учесници особено ова првото прашање кое подразбира, кое се однесува на разграничувањето на правата и обврските, а од некои учесници тоа беше сфатено како дека најпрвин е потребно да се разгради така да речам Федерацијата на одделните нејзини составни делови, односно на републиките, а потоа од тие позиции да се тргне во изнаоѓањето на решенијата за идното уредување, а во меѓувреме во таканаречениот преоден период да се утврдат овие минимум функции што треба да ги остварува Федерацијата. Се разбира тоа дојде до извесни дообјаснувања на ова, но во секој случај на ова прашање на кое особено Словенија инсистираше и натаму остана дека тоа треба да биде предмет на разговори меѓу републиките, а и во рамките на органите на Федерацијата.

Трето, по прашањето за обликот на идното државно уредување на земјата, најклучното прашање, односно обликот на заедничкото живеење, во расправата главно се одвиваше околу двете веќе познати опции за конфедерација, федерација, при што имаше сериозни залагања дека најпрво треба да се разговара за содржината на односите, а потоа за формалните облици уредувањето со сугестии дека не треба ни толку многу да се зборува и да се употребуваат термините федерација или конфедерација пред да се утврди содржината на односите. Ако се сака да се дојде до некој заеднички прифатлив став според некои мислења, особено претставникот од БиХ мора да се оди и на компромис. Треба да се зачува интегритетот на земјата и да се дава флексибилен модел на државата заснована на рамноправност на сите народи и републики, а се разбира и на граѓаните.

Четврто, едно од основните прашања е секако прашањето на внатрешните граници во Југославија. Додека едни се залагаа за статус кво по однос на тоа прашање и меѓусебно почитување, други, Република Србија, истакнуваа дека административните граници не можат да се прогласат за државни граници со оглед на тоа дека за нив Федерацијата не е држава, тогаш и ова прашање се отвора. Впрочем не е нов овој проблем, за него и досега се искажувани мислења во оваа смисла.

Петто, до постигнувањето на новиот договор за економскиот и политичкиот систем или најопшто речено за обликот на државното уредување на земјата, системот, постојниот општествено-економски и политички систем на земјата треба да функционира и навистина во оваа смисла повеќе или помалку со поголем степен на залагање, или со помал степен на залагање според моето видување речиси сите се изјаснуваа во прилог на таквата потреба, дотолку повеќе што тоа е врзано со тој таканаречен преоден период од шест месеци, односно

една година во текот на 1991 година во која навистина треба да се обезбеди нормално функционирање на Федерацијата и односите меѓу Федерацијата и републиките. Во таа смисла треба да се постигне консензус за минимумот заеднички функции. За ова е задолжен Сојузниот извршен совет во соработка со извршните совети на републиките и автономните покраини да се изготви соодветен документ кој ќе се разгледува веќе на првата наредна седница на Претседателството на СФРЈ во проширен состав, која е, како што знаете, најавена за 23 јануари оваа година.

Впрочем, јас уште на завчерашната седница на Собранието кога зборував, ако се сеќавате, меѓу материјалите што ви ги посочив ви спомнав дека на 26 декември минатата година, Сојузниот извршен совет се обрати до Собранието на СФРЈ со еден документ во кој ги назначи, меѓу другото, тие мошне акутни проблеми што треба да се разрешуваат во економската и политичката сфера во земјата и во таа смисла ги набележа некои од тие заеднички функции што треба да го сочинуваат тој минимум, а сега треба да се продолжи на ова прашање да се работи и да се изготви тој документ.

Шесто, по однос на актуелните прашања на развојот на земјата и на републиките, посебно оние што се сврзани со остварувањето на реформите, на економската, на општествената пошироко ва политичката и конечно на уставната реформа, што сите заедно треба да имаат како едно свое финале, така да речам, разрешување на уставната криза во земјата, одделни учесници во расправата, а во прв ред претседателот на Сојузниот извршен совет се залагаше и истакнуваше дека реформите мораат, односно треба да продолжат и да се настојува да се отстранат сите пречки што стојат на патот за што поуспешното реализирање на тие реформи, а во прв ред на економската реформа заради тоа што само на тој начин може навистина да се излезе од постојната мошне тешка економска состојба, криза во земјата и да се создадат основните претпоставки за еден нов развоен циклус. Патем да споменам, навистина веќе поодамна говориме за потребата од тој нов развоен циклус во земјата и посебно во Републиката, меѓутоа се уште не можат да се создадат тие најнеопходни услови за да можеме да направиме некој позначаен карактер во тој правец. Во контекстот на оваа проблематика сврзана за актуелните состојби во земјата, јас би сакал да споменам дека на седницата на Претседателството беа апострофирани сите овие најнови појави кои создаваат така тешка економска ситуација и кои ја блокираат не само реформата, туку го блокираат и функционирањето на економскиот и посебно на финансискиот систем во земјата, односно во Федерацијата. Тука беше споменат најновиот упад во платниот промет и во монетарниот систем на земјата од Република Србија, но исто така, претседателот на Сојузниот извршен совет го спомна и меморандумот што го има подготвено Владата на Република Словенија како одговор на оваа мерка и за кој впрочем денес се расправа во Собранието на Словенија и сите други вакви, или слични појави на еднострано кршење, односно непридржување кон прописите кое мошне негативно се одразува на функционирањето на општествено-економскиот, па и на политичкиот систем. Впрочем, за сите овие прашања ние мошне опширно расправавме и на претходната седница. Како резултат на ова и во таа смисла беа залагања да се почитува правниот и политичкиот систем и посебно финансискиот систем.

Следната точка, веќе дојдов до осмата, или деветтата, договорено е сите опции и алтернативи да се проучат во републиките за да се изнајдат можности за нивно приближување и изнаоѓање заеднички решенија, или поконкретно речено, кои се тие прашања по кои имаме заеднички гледишта, кои се тие прашања по кои сме блиску да изградиме заеднички гледишта, а кои се оние по кои мислењата, пог-ледите, видувањата се дијаметрално спротивни меѓу републиките.

Таа анализа ќе може да се изврши и таа ќе биде една од задачите следните денови,

врз основа на интегралниот текст на стенографските белешки што ќе се добијат денес, утре од Претседателството на СФРЈ и во таа смисла на крајот од излагањето ќе продолжам неколку такви заклучоци, доколку се прифатени.

Најпосле, со оглед на тоа што сепак меѓу овие два спротивни приоди кон начинот на идното договарање за иднината на земјата, сепак се дојде до еден заеднички прифатлив став да се водат разговори меѓу републиките, а потоа или паралелно со тоа и во рамките на органите на Федерацијата, уште на самата седница на Претседателството се договорени две средби за кои јавноста е веќе известена. Договорена е средба меѓу делегациите на Република Хрватска и на Република Србија и меѓу Република Словенија и Република Босна и Херцеговина, а најавена е и средба меѓу делегации на Словенија и Србија.

Конечно и покрај различните погледи кон овој проблем околу иднината на земјата и покрај тоа што, како што еден од учесниците во расправата мошне сликовито се изрази дека имавме можност да слушаме мошне монолошки излагања на одделни претставници за сопствените погледи и видувања за разрешувањето на уставната криза во земјата, сепак беше констатирано на крајот од разговорот и разговорот е оценет како корисен и во таа смисла се смета дека преку таков приод во една толерантна атмосфера, во едно меѓусебно почитување во односите може навистина да се дојде до разрешување на сите овие прашања и проблеми што претстојат пред нас, а кои се врзани за иднината на земјата.

Врз основа на оваа куса збирна информација, дозволете ми во мое име и во името на Претседателството на СРМ да предложам неколку заклучоци доколку оценувате дека се прифатливи, денес да бидат верифицирани, односно прифатени на седницата.

Прво со оглед на тоа дека - да дадам мало објаснување за првиот предлог - имавме строго императивен мандат во однос на нашето застапување и интересите на Републиката и во рамките на утврдените појдовни основи кои децидно беа соопштени и со мошне големо внимание сослушани од сите учесници во расправата, ние на самата седница веднаш не се впуштивме во договарање за евентуални средби со одделните републики.

Меѓутоа, предлагам Собранието на СРМ во овој поглед да заклучи дека СР Македонија треба да оствари еден навистина активен однос кон двата облика на натамошното водење на разговорите и преку меѓусебни разговори со делегациите на одделни републики, а и во органите на Федерацијата да предложи организирање најскоро на разговори со одделни републики на оваа тема.

Второ, со оглед на тоа дека ние во нашиот документ, што овде го усвои и Собранието, рековме дека во однос на одделните понудени модели за обликот на идното уредување на Југославија, Федерацијата, конфедерацијата и сл. ќе треба низ една содржајна и суштинска парламентарна расправа во Собранието на СРМ да се изградат ставови, од кои се поаѓа Републиката во тоа идно договарање, предлагам да се заклучи и најитно да се пристапи кон оформување и усвојување од ова Собрание на соодветен документ кој ќе послужи како платформа на општеството во СР Македонија во договарањето за политичката иднина на земјата и тој документ да претставува, да може да биде готов и да претставува основа и за разговорите што би се договориле со одделни републики и посебно за веќе најавениот втор разговор или втора проширена седница на Претседателството на СФРЈ за 23 јануари оваа година.

Трето, Претседателството на СРМ додека ги врши своите уставни функции, значи до

изборот на претседател на Републиката, активно ќе учествува во изготвувањето на документот што ќе послужи како платформа за нашето учество во овие разговори.

Четврто, имајќи го предвид нашиот последен став од документот што ова Собрание го верифицираше дека Извршниот совет на Собранието на СРМ треба да подготви програма на мерки и активности со кои ќе се ублажат негативните последици и ќе се заштитат интересите на Републиката од едностраните противуставни и против-законски мерки со кои се нанесува штета на стопанските и особено на финансиските текови во Републиката и на земјата во целина, предлагам Собранието денес да донесе уште еден четврти заклучок, со кој да го обврзе Извршниот совет на Собранието на СРМ активно да учествува, меѓу другото и во формулирањето на тој такакаречен минимум на заедничките функции на Федерацијата, за што обврски превзеде Сојузниот извршен совет, тоа пред малку го спомнав, во соработка со републичките односно покраинските извршни совети и,

Второ, во рамките на истиот тој заклучок да презема и други конкретни мерки за заштита на стопанството и на општествените дејности во Републиката.

Еве, со тоа би ја завршил оваа куса прва информација за оваа средба.

СТОЈАН АНДОВ: Дали во врска со оваа информација некој се јавува за збор или барате кратка пауза?

(Пауза од 18,15 до 18,50 часот).

(После паузата)

СТОЈАН АНДОВ: Ги молам пратениците да си ги заземат местата и да продолжиме со работа.

Дали некој се јавува за збор во врска со информирањето?

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ) Многу време потрошивме околу дневниот ред. На крајот добивме две девојки понудени да ги чуеме и да ги видиме. Тоа беше нашиот предлог од ВМРО-ДПМНЕ за Декларацијата, а другиот да ислушаме извештај за преговорите во Белград.

Според мое мислење, требаше да видиме дали и едната и другата е убава девојка или не е. Првиот предлог се одби без да се чуе девојката. Другиот предлог ни се нуди да донесеме заклучоци и од чуен глас да добиеме и заклучоци.

Затоа, предлагам да не побрзаме со донесувањето на заклучоците како ќе настапи нашата делегација на 23 јануари. Основна причина е што имаме две противречности на Уставот на СФРЈ со Уставот на Србија. Според Уставот на СФРЈ постојат две автономни покраини кои во преговорите се еднакви членки во Сојузот со право на вето, практично излегува ако немаме согласност дека предлогот ќе пропадне. Другиот Устав на Република Србија таква можност не ни дава затоа што постојат две области, значи поранешните автономни покраини повеќе немаат државност.

На господинот Владимир Митков во разговорот сега за време на паузата му го поставив прашањето поконкретно со кој разговараше нашата делегација, дали со сите три од Србија или само со Србија. Да не ни се случи по наоѓање на Србија кога имаат интерес да имаат три

гласа, кога немаат интерес да имаат една државност. Така ќе имаме таканаречена саката федерација направена во Уставот на СФРЈ, во самата Република Србија, или се нуди некој модел на друга федерација во Југославија.

Мој став е, додека не се расчисти оваа страшна работа, при разговорите нашата делегација да има овластување да го почитува основниот закон на Србија односно Устав на Србија, а тоа е да можеме да имаме само еден преговарач. Ова го велам од причина што ние навистина тогаш ќе бидеме рамноправни како држава Македонија, затоа што во заедницата ќе имаме и ние еден глас а не три.

Што се однесува до Одлуката кој став да се заземе, дали ние да учествуваме да формираме заедница како што е сега Федерацијата, или другата опција за која се залага и е програмска определба на ВМРО-ДПМНЕ конфедерација, ќе дадам свои видувања и размислувања зошто тоа го бараме.

Нашето барање за конфедерација е чисто и јасно. Од последните упади во монетарниот систем, дали тоа е Словенија, дали е тоа Хрватска или беше последна Србија, ако сме конфедерација ние ќе имаме чисти договори, сметките ќе ни бидат чисти, нема посилен, нема послаб. Во Федерацијата имаме посилни и послаби и затоа се селучија овие работи. Во федерацијата сега сме должни сите спрема надворешниот партнер да ги платиме сите долгови заедно. Меѓутоа, во другиот договор такво ограничување ќе си запазиме и надворешниот доверител не ќе има такво право нас да не вознемирува и задолжува. Тоа е едниот момент.

Вториот момент е што ќе се знае во конфедерацијата кои се трошоците и што треба да платиме. Овде се се знае и ништо не се знае. Долговите сами ги формираме, посебно поддржани, а имаме југословенска обврска. Дека Федерацијата е штетна зборува токму и односот во Србија. Имаме Сојузен устав и Устав на Србија. Што е сега, се прашувам како правник, се срамам тоа прашање да го поставам, што е Србија, Федерација или конфедерација за себе и за Југославија или е еднаква држава, говорам за држава на Србија, затоа што единствена политичка партија во Југославија е ВМРО која Србија ја признава како држава. Ова го чини чисто од практична гледна точка, да ги натера Србите тие нас да не признаат дека ние сме навистина држава и тоа држава Македонија.

Од овие причини, во заклучоците кои ќе треба да ни се достават, како што почнав од почетокот да не биде девојка чуена, бидејќи предлогот за декларација за суверена Македонија не можеше да се слушне, да ни се даде сега да ја видиме и ние како зрели луѓе, со размислување да дојдеме и во тие заклучоци да вградиме и наш став, а не овде да го прекинеме ова наше досегашно натпреварување со кревање раце или групирање. Интересот на Македонија нее во раката туку во мозокот. Јас барам од вас една согласност на една конструктивна соработка, на еден разумен тек на ова Собрание и да го добиеме она што навистина го бараат и околностите и времето. Јас толку би кажал.

ЕФТИМ МАНЕВ: (НЕЗАЕИСЕН ПРАТЕНИК) Почитуван претседателе, почитувани пратеници, добро го ислушав излагањето на другарот претседател на Претседателството на СРМ, во кое покрај тоа што беше познато досега се кажаа и некои нови работи, кои ги слушнавме делумно на Телевизијата и ги прочитавме во печатот, но сега ги слушнавме непосредно од излагањето. Сметам дека е дојдено време кога ние дури сега ќе создаваме и ќе ја уредуваме новата заедница, во која треба да живееме, доколку го постигнеме тоа. Дали ќе биде федрална, конфедерална или сојузна држава, засега сметам дека никој за тоа прашање не би размислувал многу. Битно е ние да се договориме, бидејќи стојат такви можности во денешно

време, во овој тежок миг, во каква опција, на какви разбирања можеме да наидеме со останатите држави републики во Југославија кои сега се формираат

Мое лично размислување е, покрај предлозите што ги даде претседателот на Претседателството, Претседателството и Извршниот совет кои постојат сега при Собранието на Македонија како државни органи да учествуваат. Сметам дека е подобро да ни ја предложат во најкраток временски период искажаната платформа за начините, какво договарање ние треба да постигнеме со другите републики, во кој правец, а потоа овој Парламент да ги разгледа дадените предлози, да ги усвои и како такви да ги дадеме како овалстување на луѓето, да ги овластиме луѓето кои ќе треба да преговараат.

Во однос на мерките кои треба да ги преземе Извршниот совет во неговото овластување со закон веројатно е решено и одлучено за заштита од она што ни се заканува на нас од поголема економска катастрофа која ја наметнуваат поразвиените републики и попаметните во тие републики кои досега решиле многу работи, отишле напред со уставните проблеми. Ние стоиме на една мртва точка. Иеопходно е во овој краток временски рок за кој зборуваме при усвојувањето на дневниот ред за изготвување на оваа наша и те како потребна, а испадна како фамозна декларација. Таа мора да се изготви во најкраток временски рок.

Во средина на наредната недела мораме да ја разгледаме и да ја усвоиме и да ја видиме предложената платформа за кои прашања треба да разговараме со другите републики, кои ни се битни за да живееме во таа заедница. Дали имаме такви интереси и кои се тие наши интереси?

Инаку, ако останеме ваква во овој форум од 120 пратеници сите со некоја сопствена идеја и мисла за подобар живот на Македонија, сметам дека никој од нас не и мисли лошо на Македонија. Сите сме дојдени со таква цел, но сите тие наши 120 размислувања не сме подготвени на една седница да ги собереме во едно размислување. Мораме да имаме некој документ кој ќе ни биде предложен на 2-3 дена пред еден состанок за да може секој да изгради сопствено мислење по она што чини, а што не чини. Сметам така би можеле да го надградиме и дотераме, па моето размислување е во тој правец, нашите седници да бидат малку поподготвени од сегашните постојни органи.

Исто така предлагам, иако можеби не е во склоп на оваа точка, да го задолжиме претседателот на Собраниетокој го избравме со политичките партии кои беа почнале да се договараат за избирање на органи на ова Собрание и на Македонија во најкраток временски рок да избереме претседател на Македонија, кој ќе предложи мандатор на Владата, да избереме Влада и да може ова Собрание, овој Парламент да работи како треба.

Никој не може да им даде забелешка на пратениците кои предлагаат и декларации и било какви предлози. Проблемите се толку наталожени, толку тежат, а треба да ги разрешуваме, за да ги разрешиме мора да бидеме комплетни во најкраток временски рок да можеме да работиме онака како што треба да го замислиме и што е поставен овој Парламент.

БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ) Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, ве молиме Собранието да заклучи дека ова Претседателство, ИС имаат право да ги застапуваат македонските интереси толку колку што ќе им го дозволи ова Собрание до изборот на новиот претседател и новата Влада.

АЦО СПИРОСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ) Почитувани пратеници, во согласност со првиот состанок на

пратениците на републиките за новиот договор предлагам денеска да се донесе заклучок со кој претседателот на Собранието ќе се обврзе да се подготви седница во најкус рок на Собранието на која ќе се расправа за двата досегашни понудени модели. Моделот на Федерацијата на Претседателството на СФРЈ, моделот на конфедерацијата на Хрватска и Словенија. Конечно, Македонија да има конкретен став за иднивата на Југосалвија.

Овде би додал нешто свое, а од името на парламентарната група на ВМРО нашиот став е јасно изразен, можеби е добро на оваа седница да ги слушнеме ставовите на другите партии, ми се чини дека не се изразени, не се јасни, а на наредната седница веројатно ќе водиме долга и тешка дебата, меѓутоа, ми се чини дека другите партии немаат јасен став кон ова прашање, и затоа сме во голема дилема што ќе правиме и како ќе правиме.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:(ВМРО-ДПМНЕ)Ние овде зборуваме нормално оптимистички расположени, со претпоставка дека во рамките што ги одредуваме е можно да се договориме.

Би сакал само да обрнам внимание овде денеска во Македонскиот парламент дека е многу невнимателно ако не го одредиме минимумот, значи оној минимум на кој е подготвена Македонија во договорите односно ако не формираме работна група зад тој минимум, доколку не се договориме што со Македонија. Ве молам тоа да го земете со сериозност и да се одбере работна група или кризна работна група којашто доколку не се договориме ќе треба да подготви една концепција што понатаму со Македонија.

БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:(СКМ-ПДП) Почитуван господин претседателе, дами и господа, другарки и другари пратеници, не е едноставно по толку кратко време по примањето на информацијата од претседателот на Претседателството да се произнесеме најконзистентно за сите задачи кои како приоритет не очекуваат во наредниот период. Меѓутоа, ми се чини дека времето неодминливо поминува и дека во овој степен на конституирање на легитимната власт на македонската држава сепак Парламентот на Македонија е највисоко претставничко тело и тој Парламент треба да ги донесе и дефинира по тема, по приоритет и по време сите задачи кои треба да се разрешуваат, ако би можел да кажам уште вечерва. Затоа би сакал по некои основни прашање да се произнесам.

Многу е тешко да се бориш со природните појави ако не ги познаваш доволно, општо е познато затоа што се занимавам со таква проблематика, а кога се однесува до македонскиот народ кој е вознемирен, заплашен само заради тоа што не располага со доволни информации, само заради тоа што подолго време правите информации не стигнуваат до него и само заради тоа што одговорноста во тој поглед спрема македонскиот народ којашто сите ние ја имаме не е и во овие моменти кога ни дал доверба да го претставуваме, во целост е исполнета. Затоа би сакал да го кажам следново:

Ние мораме да ги отвориме картите какви се движења, какви се опции во последно време се на видикот во поглед на разрешување на политичката иднина на Југославија. Некои елементи кои до само пред извесно време ни се чинеа дури авантуристички по се изгледа во последно време добиваат карактер на голема изгледаност. Според тоа, нашите задачи мора да ги поделиме на три дела: обврските спрема државно-правното уредување на самата македонска држава, обврските на таа македонска држава во склопот на нејзиното поблиско опркружување, односно обврските во поглед на политичката иднина на заедницата во која што денеска живееме.

Ми се чини, по моја вина, не го следев излагањето на потпретседателот на

Претседателството на СФРЈ, дека е сосема јадно идните преговори за политичката иднина на Југославија најверојатно претежно ќе одат на билатерален план и сите тие идни преговори ќе бидат втемелени на потполната рамноправност не меѓу југлословенските народи, туку меѓу југословенските републики.

За да може да се разговара за иднината на Југославија меѓу југословенските суверени републики мора да се имаат најмалку две основни претпоставки на сувереност, а тоа е легитимна власт на Републиката која влегува во тие преговори и легитимни законски акти. Моментално, покрај тоа што е конситуиран првиот Македонски парламент, другите два елемента скоро единствени во Југославија ги немаме. Затоа, во поглед на основните задачи кои треба во најскоро време да ги извршиме во нашата внатрешна средина под број 1, да не се повторувам со претходниот пратеник, ние мора, не во законски рок, туку ако може уште порано да ја устроиме легитимната власт во македонската дражва, а тоа значи да кандидираме и избереме претседател на државата, да се предложи мандатор да се конституира Владата. Покрај тоа, во сите идни преговори кои веќе на билатерален план се договорени и почитуваат во Југославија и во кои мора активно да се вклучиме, мораме да одиме со легитимни акти на сувереност. Ние тој основен акт - Уставот на суверена Македонија - го немаме. Затоа втора прироритетна задача во тој поглед мора да биде донесување на актот за независност којшто во периодот додека да се донесе Уставот на суверената македонска држава ќе мора да ја пополни таа празнина.

Во однос на преговорите за политичката иднина сметам дека е веќе евидентно дека не треба да се очекува тие преговори да се координираат и водат од сојузните органи и да се темелат на постојните сојузни акти, односно да се темелат на постојниот Сојузен устав. Заради тоа што во Југославија веќе постојат 3 републики, со свои суверени устави кои се во голем број елементи во колизија со Сојузниот устав и тоа токму во елементите во кои се дефинира сувереноста на тие држави. Според тоа, сметам за потребно овој Парламент, како највисоко претставничко тело, да донесе заклучок кој не може денеска да се дефинира со приоритет, со време и не може еден да го даде предлогот или една партија да го даде предлогот на денешната седница, меѓутоа, или да се формира работна група или дел од задачите кога ќе дојдеме на последната точка, кога ќе формираме Уставна комисија директно да ги префрлиме на неа, веднаш да се помине на реализација на конкретните задачи.

Во поглед на состојбата која настана со упадот на Република Србија во платниот биланс сметам дека возот е наполно заминат. Ние мораме да се подготвиме комплетно за нови делбени биланси, мораме да се подготвиме најверојатно за воведување на автономен финансиски систем, на елементи кои ќе овозможат, додека течат тие билатерални или координирани и друг начин преговори во Југославија, македонската држава полека да се подготвува на адекватен начин, како што се вршат подготовки во другите републики.

Ова посебно го спомнав од следниве причини. Подолго време Федерацијата и должи на Македонија 3,5 милијарди што беа еквивалентни на 500 милиони марки. Сега со девалвацијата тие 500 ми-лиони мерки моментално се 350 милиони. Со налетувањето на новиот инфлаторен бран кој го очекуваме деновиве по некои пресметки во кои воопшто не верувам дека може тој инфлаторен бран да биде 5.000 проценти, нека биде 100 проценти, нека биде 600 проценти, нека биде 1000 проценти, тие 350 милиони марки се сведени на 35 милиони. Според тоа, тоа што е загубено во досегашните обврски на Федерацијата спрема нашата Република сметам дека е загубено и со еден мал минимум независно од тоа дали во блиска иднина другите републики ќе си ги исполнат задачите

спрема Федерацијата, мислам дека е загубено. Но, она што Македонија може да го загуби во наредниот период ќе биде директна одговорност на овој Парламент, на ИС кој ќе дејствува се додека не избереме нова Влада, ако кон таа работа не пријдеме најсериозно, ако кон таа работа не пријдеме стручно, не заради тоа што тврдам или мислам дека Владата е нестручна да ја изврши таа задача, туку заради тоа што навистина во досегашната практика ние воопшто не сме имале случај да дојдеме во состојба да вршиме вакви пресметки какви што моментално се потребни на нашата Република.

Според тоа, сметам дека тие 3-5 приоритени задачи мора овој Парламент да ги стави пред стручните органи на Републиката и пред оние нови органи и тела кои ќе ги формираме заради тоа што веќе на 23 јануари, како што многу рекоа, не би сакал да повторувам, нашата делегација на преговорите дали ќе течат прво билатерално или на друг начин понатаму ќе го загуби легитимитетот.

ХАМИД АЛИУ: (ПДПМ) Дами и господа, другарки и другари, господин претседателе, разговорите за идното уредување на југословенската заедница претставува еден нов историски момент за изградба на еден нов облик на демократско политичко уредување на југословенското општество.

Мислам дека југословенските проблеми можат да се решаваат единствено со учество и рамноправност на сите југословенски федерални членки на тие разговори предвидени со Уставот на СФРЈ. Секое друго решение и пристап би нудел само привремени парцијални решенија.

Претставниците на партиите треба да се залагаат за еден поактивен оригинален модел на претставувањето на интересите на СРМ во новата југословенска конфедерација. Тоа особено кога се има предвид фактот дека досегашните претставници на СРМ во федералните институции и органите отворено ги запоставуваа интересите на оваа Република, поддржувајќи го српскиот хегемонизам и тоталитаризам. Во интерес на сите народи во Македонија е да се воспоставуваат такви односи во Југославија во кои никој нема да биде инфериорен, туку секој ќе ги остварува своите човекови и национални права. Сметам дека евентуалното исклучување или игнонирање на Албанците од овој југословенски самит го наметнува заклучокот другите да одлучуваат за нив, тоа само ќе ги влоши постојните проблеми и југословенските конфликти, бидејќи Албанците повеќе нема да прифат дискриминација.

АГИМ ФАЗЛИУ: (ПДПМ) Ќе се трудам да бидам краток, пред се, би го прашал господинот од ВМРО, мислам дека е пратеник од Куманово, со кое право и аргументи бара да се суспендира Уставот на СФРЈ, а од друга страна го поддржува Уставот на Србија кој знаеме дека е донесен на недемократски начин без учество на покраините.

Да размислиме дали е во интерес на Македонија да се суспендира Уставот на СФРЈ, дали суспендирањето на Уставот на СФРЈ може да ја доведе Македонија во позиција во која моментално е Косово, кога знаеме за Србија и денеска слушаме проблемот на границите е отворен. Ве молам да размислиме кој е нашиот интерес, мислам интерес на Македонија, јака Србија, да го употребам тој збор во онаа лоша смисла, или Србија која треба реално да биде.

МИХАИЛ ПАНОВСКИ:(ВМРО-ДПМНЕ) Би ги замолил сите господа кои ќе дискутираат да

внимаваат оти премногу внимание даваме на Србија, овде се расправа за Македонија и позициите на Македонија во идното договарање.

РИСТО СТАМЕНОВ: (СТРАНКА НА ЈУГОСЛОВЕНИ) Јас мислам дека ако така продолжиме ќе задоцниме во се. Ние имаме усвоен дневен ред и мислам дека во тој дневен ред, ако се усвои, ќе дојдеме до сите оние прашања што ги образлагате. Од претседателот на Претседателството баравме да поднесе извештај дали нашата Делегација во Белград постапила онака како што ја известивме. Ние го ислушавме претседателот да кажеме ако е таква постапката да го усвоиме извештајот и второ прашање тој предложи одредени заклучоци со кои предлага да не доцниме и по нив треба да се произнесеме.

Ако така одиме ќе бидеме брзи, ефикасни и корисни за Македонија. Понатаму ние имаме точка за избор на Уставна комисија. Кога ќе ја избереме, на тие членови да им дадеме задача и рок сите прашања што ги предложивме тие да ги решат. Сметам дека ако вака тргнеме ќе можеме да бидеме ефикасни и корисни. Ако овде излегуваме само да не сликаат и да се докажуваме и да излегуваме од рамките на дневниот ред, без разлика дали се работи за ПДП или било која партија, сметам дека вака не можеме и допуштете да кажам дека ние сите 120 пратеници сме рамноправни и сите тврдиме дека сме за Македонија. Тогаш тоа да го докажеме, да бидеме ефикасни и практични и не да даваме забелешки дали некој работи и како работи или не. Како луѓето работеле до сега и ако имале грешки ги покажале, дајте ние да бидеме подобри и поефикасни и нешто да направиме за таа Македонија.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ) Јас воопшто не мислев да се јавувам за збор по втопрат, но еве се јавив за да му објаснам на господинот од ПДП зошто го суспендирам Сојузниот устав а го протежирам Уставот на СР Србија. Јас говорам за факти, а не за протежирање.

Уставот на Србија е работа на Србија како ќе си ги уредува прашањата на својата територија. Македонија не е таа која ќе води сметка како ќе се уредуваат тие прашања на територијата на Србија. Ова од чисто практична страна да не дојде Србија на нас да ни се меша кога ние ќе донесуваме устав. Тоа е едниот факт. Второ, Уставот на СФРЈ го сметаме само како една појава во едно моментално несредена работа каде што може да ни се наштетува, да се злоупотребат два закони, еден кога се работи за Србија, друг кога се работи за територијата на Југославија. Овде говорам дека е во прашанње суверенитетот на македонскиот народ и за него ќе расправаме, за малцинствата, допрва на друга седница, а за оваа сега нема што да разговараме.

РИСТО СТАНКОВСКИ: (СКМ-ПДП) Почитуван претседателе, почитувани пратеници, веднаш би почнал со основната дилема, Федерација, конфедерација или можеби самостојна република. Ќе тргнам од излагањето од претседателот Митков и ќе ја поддржам онаа опција што и тој ја спомна дека се расправало, дека не сум да се расправаме околу името, туку повеќе околу формата. По мене многу е битно за што ние ќе се заложиме, а основните прашања, барем дел од основните по мене се следните. Дали сме за заеднички интегрален пазар, или што би се рекло популарно, слободен проток на стоки, капитал и работна сила. Дали сме за единствен монетарен систем, дали сме за единствен царински систем, дали сме за единствена војска, дали сме за единствена даночна политика и да не набројувам. Меѓутоа би сакал и сите расправи да одат по овој тек,

да се изјаснуваме постепено. Секако дел од ова условува и нешто друго, барем според мене. Ако се одлучиме за заеднички пазар, според мене тоа би значело и заеднички царински систем и заеднички монетарен систем. Меѓутоа тоа не мора да биде точно.

При одлуката за ова стои дека не би смееле да се одлучуваме врз база на некоја интиуција или не знам, можеби некои не проверени податоци или информации што барем досега ги имавме слушано од печатот, ТВ и другите средства за јавно информирање. Мислам дека Извршниот совет треба да излезе со едни чисти сметки и да каже што добиваме, а што губиме ако прифатиме една опција, ако прифатиме друга, ако прифатиме трета, или одбиеме нешто. Само врз база на точни податоци и добра анализа би имале сознание ние како пратеници за која опција да се одлучиме. Мислам дека има доволно стручни пуѓе кои ќе можат за тоа да ни дадат сигурно соодветни факти и врз основа на кои ние би можеле да одлучуваме.

Инаку што се однесува до времето на одлучување, некој од пратениците од ВМРО рече дека е пет до 12. Јас мислам дека е веќе 12 и пет.

ЉУБОМИР ПОПОВСКИ: (СКМ-ПДП) Јас би имал неколку оперативни заклучоци во врска со раправата по оваа точка од дневниот ред доколку се прифатат, нормално од Собранието.

Имено станува збор, во рамките на заклучоците по оваа расправа да се донесат и следниве оперативни заклучоци.

Прво, до понеделник или вторник да се овласти Претседателот на Собранието во договор со Комисијата за избори и именување да се конституира уставна комисија во цел состав за да не свикуваме уште еднаш седница на Собрание, до понеделник и вторник за нејзино конституирање. Ние на вечерашната седница само пратеничкиот дел од Уставната комисија ќе го конституираме, бидејќи таа ќе има и друг дел на лица што ќе учествуваат во нејзината работа, а сме подготвени нд вечерашната седница тоа да го направиме.

Второ, таа да биде единствено легално избрано тело од овој Парламент, кој ќе го подготви актот за независност и сувереност на Република Македонија.
Трето донесувањето на овој акт да се изврши до 20, со тоа што на таа иста седница да се изврши и избор на претседател на Републиката и
Четврто, ова подразбира заклучокот на Претседателството на СРМ за негово активно учество, да се преиспита.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ) Морам да признам дека при првото јавување не се одлучив да го кажам тоа што сега ќе го кажам, а сметам дека е доста сериозно и е во контекст на идното уредување на Југославија, без оглед што е лоцирано близу до меѓунационалните односи, а се работи за албанското малцинство во Југославија. Тргнувам од мојата загриженост, а сметам на македонската јавност дека е загрижена затоа што денес во "Нова Македонија" и се појави можност за плебисцит во Западна Македонија на албанското малцинство. Сакам тука преку ПДП и НДП, преку нивните претставници да изразам протест до албанското малцинство, односно до оние политички субјекти коишто предвидуваат една таква активност, како и до македонската јавност, преку овој Парламент и да констатирам дека тоа претставува опасна авантура

и да ги повикам припадниците од албанското малцинство, кога не најдоа сила да излезат од сопствената гетоизација, да не навлезат во некоја друга замка заради заедничкото живеење во македонската држава.

ЉУБОСАВ ИВАНОВ: (СПМ) Другарки и другари пратеници, денес во 11 часот во Стопанската комора на Македонија, Извршниот одбор во проширен состав со поголеми стопански организации од Републиката одржа состанок баш на оваа тема на која што ние тука зборуваме и мене ме задолжи и како претседател на Комората, на нејзиното Собрание и еве како ваш колега тука да ги изнесам гледиштата и размислувањата на стопанствениците од СРМ.

Општа е констатацијата, јас за тоа во неколку наврати накратко тука зборував, дека економските состојби во Македонија се многу драматични, а денес беа употребувани и многу потешки зборови дека практично репродукцијата во Македонија е во состојба, така речиси, да престане. Беше кажано дека југословенскиот пазар полека но сигурно се затвара веќе една година. Беше речено дека во Југославија недисциплината во финансиската, правната, економската и уставната сфера, посебно Македонија, до некаде и Босна и Херцеговина ги доведе во многу тешка состојба. Денес не се реализираат меници во одделни републики во Југославија. Намерно не се извршуваат чекови, судски решенија, донесени судски решенија во нашата Република, тешко се донесуваат судски решенија во други републики, Стопанството е многу загрижено, загрижено е, беа искажани огромни песимистички изјави каде што не само што е загрозен пазарот, не само што е оневозможен пристап на одделни пазари, а тоа зборува низ цела Југославија, туку е оневозможена наплата и на онаа стока што може да се реализира. Ова го изнесувам од причини што тука зборуваше претседателот на Претседателството дека ќе продолжат разговорите меѓу републиките во Југославија, каде што ние активно ќе учествуваме.

Исто така, претседателот рече дека е разговарано во економската, финансиката и монетарната сфера да се заведе ред и да се почитуваат прописите и законите што владеат во земјата. Стопанствениците препорачаа дека ова треба да биде во тие разговори наше најенергично барање во тој поглед да се спроведуваат прописите во Југославија.

Овие искажувања да не се почитува Уставот и законите во земјата, да се откажеме и ние од Уставот, не е мислење на стопанството на СР Македонија. Тоа може да не воведе многу подлабоко во хаотична состојба.

Понатаму се констатира дека овие процеси на незаконско дејствување во финансиската сфера, во монетарната сфера не се од вчера. Она што го направи СР Србија е како резултат и кулминација на многу поранешни слични и такви потези што веројатно ќе го покаже контролата што ќе се направи во земјата. Меѓутоа, беше укажано дека ние веќе една година имаме во Словенија елементи кои мораа да ни укажат дека таму нешто се случува. Таму организациите кои беа високо профитабилни отидоа под стечај откако огромни средства земаа од југословенското стопанство и банките и ги префрлија во соседни земји, на свои конта, на свои организации.

Имаше укажувања и јас во неколку наврати во тој поглед зборував и баравме Сојузната влада да презема енергични мерки. Еднаш во тој поглед многу срамежливо зборуваше и премиерот Марковиќ, меѓутоа ништо не се направи, а вие знаете колку

организации отидоа под стечај, обезвреднија имот и колку повторно се претворија сега во приватна сопственост и повторно ќе се активираат.

Ние знаеме дека 6 месеци Словенија и Хрватска, посебно во Словенија и повеќе месеци не се уплаќаат обврските спрема Федерацијата и спрема ФНП. Сојузната влада мораше да примени соодветни законски мерки, да ја принуди Словенија, а потоа и другите републики да ги извршуваат своите законски обврски. Непримената на тоа, Сојузната влада ја доведува односно ја става како еден од учесниците во целокупната оваа ситуација. Ние мораме отворено веќе тоа да го кажеме, за да тие со тие огромни средства за коишто зборуваа одделни другари овде, и денеска беше тоа кажано, на еден навидум легален начин, а потоа нелегален откупат постепено огромни девизни сред-ства и ги изнесат надвор од Југославија. Така се зборува, еве и печатот така пишува и тогаш да извршат голем притисок на Владата да дојде до девалвација итн. Само по тој основ огромни средства и огромно богатство да се прави.

Не се во Југославија, и денеска беше тоа констатирано, само води борба за политички простор. Во Југославија во основата е борбата за економски простор, борба низ грабеж, низ пљачка на Југославија на лично збогатување на републиките.

Ние сме уверени дека и ваква контрола каква е наредено сега да се изврши дека таа ќе ги даде правите резултати, затоа што и таа контрола потекнува од одделни републики, затоа што и таа контрола врши контрола на свои републики и се плашиме дека големите републики кои сето ова го направија во меѓусебен договор сето тоа ќе го сокријат од овие републики кои во овој поглед беа дисциплинирани, беа чесни итн. Инаку, како можеше да дојде во Југославија, ако немаше такви елементи, до крупно пробивање на инфлацијата, до промена на курсот на динарот како резултат на тоа итн.

Исто така, беше укажано дека запирањето на дотокот на средствата од меѓународните фондови исто ќе биде стравотно и додатно оптоварување.
Јас мислам дека ние покрај тоа што тука многу и се разговараше што можеме ние да направиме во оваа ситуација како Република, како стопанство, дали и ние да се послужиме со исти или слични работи и се констатира дека овој потег кој е направен во Србија итн. денес е веќе непродуктивен за Македонија, тоа е задоцнет потег.
Се разговараше за многу поинакви мерки, веројатно за тоа Извршниот совет денес ќе понуди некои решенија, па и на сопствена кредитномонетарна, унитарна политика, меѓутоа тоа треба едни длабоки анализи да го покажат, дали ќе има ефекти, какви ефекти, во каква состојба ќе се најде стопанството итн.

Да завршам, мислам дека ние овде зборувајќи пред се мораме на прв план да ги поставиме стопанските проблеми. Насекаде во светот економските интереси се во прв плак и економските интереси ги диктираат сите други интереси. Не можеме ние да зборуваме за било што друго ако не обезбедиме работа, ако не обезбедиме живот и егзистенција, ако не обезбедиме основни услови за живот на овој народ. Затоа мислам дека целата наша концентрација сега треба да биде насочена во тој правец и јас го поддржувам предлогот што го даде Ханџиски, што и тука денеска околу тоа исто така се заклучи, што побргу да се конституираат органите во Републиката, тука малку да бидеме поеластични и политичките партии своите интереси да ги одредат на интересите на македонскиот народ, на пошироките интереси. Не дека оваа Влада не е стручна, не дека оваа Влада не мо-же да донесува квалитетни решенија, туку

затоа што таа е веќе при крајот со својот мандат, затоа што секој зармислува за својата идна работа и покрај тоа што сите учесници чесно работат, не затоа што не може да не претставува ова Претседателство, меѓутоа треба да се избере едно ново раководство на овој Парламент што ќе ги пренесе одговорностите. Мислам дека не е добро во оваа ситуација да избереме една влада која ќе биде составена од стопанственици и наука, да биде вонпарламентарна, Влада што ќе биде составена од многу стручни, квалитетни и јаки луѓе. Да се договорат лидерите на поголемите партии тоа што е можно побргу да се направи и да почнеме да ги решаваме тешките проблеми во Републиката, Тоа го велам затоа што сите знаеме колку луѓе во Републиката не земале личен доход, колку се пуштени дома на иеплатено отсуство и колку е народот загрижен и доведен до социјална егзистенција. На нас прва задача треба да ни биде тој проблем да почнеме да го решаваме.

МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ: (ПДПМ) Како пратеник уште првиот ден кога дојдовме, решивме да дојдеме со маслинова гранка, а не да покажуваме заби. Меѓутоа, честопати ми се импотираат работи. Ако некој девалвиран пратеник сака сега да собира поени, само би погрешил. Ке бидам краток Албанците не се впуштаат во авантури. Деетатизацијата, ако веќе има таква ја предизвикувате вие. Не знам за каков плебисцит зборувате, но ако тој дојде тоа ќе биде во крајна нужда. Ова куќа ја гледам како своја. И Македонија апсолутно како своја, или како заедница. Ништо повеќе ниту помалку. Не сакам овде да предавам историја како што правеа многу пратеници кои го узурпираа ова место и го окупираат на некој начин, а не знам добриот претседател тоа и го толерираше на некој начин. Овде имаат право сите да се изјаснат и да имаме респект и за времето и за дневниот ред. Не предизвикувајте, ве молам не предизвикувајте. Албанците одамна и не само Албанците и Турците и Муслиманите и другите кои ги има толку многу во Македонија и за ништо не ги спомнаа. Само да ве потсетам преку 30% има Албанци во Македонија. Уште 10% Турци и Муслимани. Зборувате за независна Македонија, независна со војска. Дали сте планирале некогаш дека 55% можеби и 60% од тие војници не ќе бидат Македонци. Тоа не ќе значи дека треба да бидат против Македонија. Зборувате за некои напади од Север, од Запад, од Исток. Како мислите вие да ја браните Македонија? Сами ли? Можете ли да држите толку широк фронт од сите страни. Македонија ќе ја браниме сите заеднички. Бранејќи се себе си, ќе ја браниме Македонија.

СТОЈАН АНДОВ: Ве молам, да се вратиме на темата на која ни беше сега. Има збор пратеникот Васил Зимбаков.

ВАСИЛ ЗИМБАКОВ:(СКМ - ПДП)Во врска со Информацијата што ја поднесе претседателот на Претседателството на СРМ, потполно се согласувам и ја прифаќам. Некои работи можеби ќе ги повториме но сметам дека прва и основна задача треба да биде, односно задача на лидерите на партиите да ја забрзаат постапката во преговорите и договарањето во врска со првите места во Македонија. Мораме под итно да избереме претседател на Републиката, потоа да може да се предложи претседател на нова Влада и да се избере оваа Влада, а понатаму со формирањето на оваа Уставна комисија, што ќе ја формираме денес, под итно треба да се изготви документ со што сите се согласивме, кој ќе биде основа за понатамошно договарање меѓу републиките во Југославија. Ние само така можеме рамноправно да учествуваме во разговорите за иднината на Југославија и да се зафатиме со решавањето на економските, политичките и другите проблеми. Кавгите не водат никаде. Мораме да почнеме да разговараме со силата на аргументите, не со расправии, обвинувања итн. Разединети нема да стигнеме никаде. Народот во Македонија чека на нас. Чека од овој македонски парламент, доста е ова пречукување два-три дена губиме време за дневниот ред 2 часа. Дајте да

почнеме да работиме заеднички за подобро на оваа наша измачена Македонија. Не можеме веќе така да одиме. Сакам да ве потсетам на некои работи. Пратеник сум, од земјоделско подрачје, од Струмица. Во мојата изборна единица и во општина Струмица до ден денеска луѓето ги немаат земено парите од производството од месец јуни 1990 година, а ние овде се расправаме за банални работи. Македонија паѓа и во економска и во политичка криза. Апелирам до вас, до сите пратеници на овој Парламент да почнеме свесно и аргументирано да дискутираме парламентарно, а не малограѓански, како што не доликува на некој од нас овде.

ИСМЕТ РАМАДАНИ: (ПДПМ) Јас би сакал да го вратам расположението, па за поширокиот аудиториум ќе ве поздравам со дами и господа, а со ова сакам да го потврдам моето презентирање во овој Парламент.

Што значи тоа? Тоа значи дека никој нема право да ја испитува мојата лојалност за оваа Македонија. Разговорите почнаа уште вчера во Претседателството на Југославија, односно на ниво на Југославија, меѓутоа, тие се само плапирани разгозори за еден договор, а најтешкото и најжешкото веќе доаѓа. Па затоа треба на тие договори да бидеме спремни со заеднички заклучоци, паметни, разумни, демократски за да можеме и ние да бидеме рамноправни на тие разговори како Македонија. Јас би рекол уште тоа, да не бидам еднастран, Македонија може сама и како суверена држава само Македонците во Македонија не можат сами. Затоа предлагам затоа што претпоставувам, а не би сакал да претпоставам дека тие разговори ќе бидат тешки и жешки. Јас мислам дека и една од точките на претставниците од Хрватска да се бара, ако веќе тие разговори бидат тешки и жешки да присуствува и комисија од меѓународната заедница, затоа што Југославија е веќе европски проблем. Ние не сакавме да дојде до тоа, меѓутоа, свесни сме дека Југославија е европски проблем. Зошто? Затоа што се води на нешто ново. Нова Југославија. Пред една година Анте Марковиќ најави нов социјализам, а сега најавуваме Нова Југославија. За таа Нова Југославија би требало тие договори навистина да бидат разумни и демократски. Ако републиките веќе одат на нови атрибути на државност ќе бидат појаки држави во една конфедерација. Јас понекогаш се прашувам зошто и покраините да не одат на појаки атрибути за некоја државност. Затоа мислам дека држи овој мој предлог да не се доведеме почитувани пратеници во една навистина тешка ситуација, па да не седне некој трет за некоја мирољубива коегзистенција. Можеби сум песимист, меѓутоа, ако разумно размислиме и ако одиме со јасни определби на тие договори, јас мислам нема да дојде до тоа.

МИТКО АНАСТАСОВСКИ:(ВМРО - ДПМНЕ)Го молам претседателот на Собранието да го стави Извештајот на другарот Митков и новите предлози кои беа на гласање, бидејќи тоа беше дневниот ред. На прашањето кој, како ја гледа иднината на Југославија да биде точка на дневен ред што побрзо. А едно друго прашање кое е лично мое, а е поставено од господин Иванов, рекол дека што побрзо да се формира една влада од стручњаци. Колку што знам јас, ми се чини и Владата која постоеше досега не беше неквалитетна. Меѓутоа, дали толку бевме наивни што допуштивме да не украдат и се прашувам. И го молам господинот Иванов да ни објасни. Што ќе правиме од домакинството откога ќе го разорат? Ќе му ги земат воловите, плугот, тракторот, парите врз каква основа сега еден агроном инженер ќе го подигне тоа домаќинство?

ФАИК АБДИ:(ПЦЕР) Почитувани дами и господа, морам да кажам дека сум длабоко загрижен за состојбите во земјата во Македонија и во Југославија и мислам дека треба длабоко да ги почитуваме и да го резонираме предлагањето на д-р господин Владимир

Митков дискусијата на Ханџиски, да бидеме многу сериозни од кога и да е, да не се пречукуваме едни со други за национални и не знам кои други прашања, кој е голем, а кој е мал итн. Да не се мешаме во работата на другите републики, да си ги чистиме дворот и да си го гледаме. Мислам дека се наоѓаме во многу лоша и хаотична состојба. Да кажам јас сум економист 32 години, знам што се случува во Југославија и во мојата гранка, со еден збор сме за никаде.

Ако само направиме една пресметка, ова Собрание, овој Извршен совет само за нас која е Македонија и што е Македонија од стопански аспект и целосно што е нашата актива и пасива, со што располагаме и условно земено, бидејќи беа поставени овие прашања дека Македонија може и сама и какви се тие сметки на Македонија, не би должел многу по ова прашање, бидејќи се многу фрапирани, многу незгодни, она што го велам за никаде сме. Исто така, мислам дека другите републики не се за пофалба, дека можат сами. Некои повеќе не можат сами, некои помалку не можат сами, меѓутоа сите заедно не чиниме. Овие состојби што се случаија минатата година се девалвацијата на динарот над 1.000%, па Анте Марквоиќ, не пофали пред целиот свет дека инфлацијата ја легнавме на грб јас како лидер на мојата партија зборував најмалку 20 минути за таа програма на Анте Марковиќ, ја пофалив и се уште мислам дека доколку ја реализиравме Програмата, доколку републиките не направија свои грешки, не донесоа закони не сојузни, мислам дека состојбите ќе беа подобри. Ќе кажам само еден податок за влијанието за овие 16 - 18 милијарди во мојата организација, колкаво негативно влијание имаат. Огромно влијание, а ние овде не можеме да оцениме, тие искази пред се, за економскиот хаос на СР Македонија за лепчето. Не можеме за лепчето да мислиме. Изгледа имаме многу лепче, па зборуваме за некои други работи, кој е похрабар, кој е поголем Македонец итн. Добро е да се има една национална гордост во оваа толку ограбувана Македонија. Меѓутоа, во овие моменти мислам дека сите треба да мислиме само на едно, затоа што ова е најлошото, дури сега ни доаѓаат најлошите денови. Заради тоа, ние имаме избрано претседател на нашето Собрание и мислам дека сме направиле се. Сме го конституирале Собранието. Не е точно. Собранието не е конституирано. Не смееме да се пофалиме ниту на мали деца, а камо ли меѓу нас да си речеме дека е тоа така. Се додека не избереме потпретседатели на Собранието, се додека не избереме комисии, одбори итн., се додека не избереме претседател на Републиката и негов заменик, се додека не избереме една јака стручна Влада, пред се, стручна, без разлика на која партија би припаѓала. Пред се добри стручњаци кои ќе даваат такви предлози, кои што ќе ја знаат стопанската политика, кои ќе можат за кратко време, тоа е година, две-три-четири-пет, затоа што не гледам дека утре ќе бидеме добри, оваа Македонија да се извлече од овој стопански ќорсокак и нашите деца, ние да имаме лепче и покрај лепчето сиренце итн. Зошто вака одиме кон пропаст? Ние како држава дадовме можност на еден огромен број граѓани да го развиваат малото стопанство по било која линија. Само тие аспекти се добри во нашето видуваше.

Гледате, во стопанството огромниот дел од вработените се за никаде. Вие сите тоа го знаете. Никој нема волшебно стапче да го реши проблемот. Заборавете ги овие однесувања што пред малку завчера и првиот ден се однесувавме овде така, од оваа говорница што беше јавно емитувана преку каналите и програмата на Радио – телевизија Скопје. Заборавете на таквото однесуваше да бидеме достојни на овој Парламент зашто народот од нас бара пред се излез од стопанската криза. Се разбира, имаме проблеми и во мегунационалните односи. Меѓутоа, тие проблеми ќе ги решиме, сигурно ќе ти решиме. Тие се решливи по друг пат, на друг начии, а стопанството е најлошо и најопасно.

Тука нема што си Македонец и еве ти лелче, а ти што си - Ром - Циган, ти нема да јадеш. Овде нема тоа. Тука е фабриката, туке е производството, тука е поголемо производство, поголеми индустриски капацитети, помала цена на чинење на тоа производство, тука е пласманот на пазарот што сега е затворен во Југославија или пак ако бидеме сами, самостојни како Македонија, нема каде да ги пласираме пороизводите, простите ако сум досаден но со еден збор речено сакам да кажам дека економијата не признава не знам какви други елементи. Меѓутоа, факт е дека ако не се решат тие меѓунационални односи, меѓурепублички односи што ги има вака е многу тешко за стопанството. Се е поврзано. Според тоа, да побрзаме да му помогнеме на претседателот на Собранието на СР Македонија во што е можен пократок рок да се конституира целото Собрание, заедно со извршната влас.

СТОЈАН АДНОВ: Ве молам да приведуваме кон крај. Да се стрпат ако може овие што зборуваат. Прво да добијат збор и овие што не добиле збор досега.
Има збор пратеникот Цветан Јовчевски.

ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:(ВМРО - ДПМНЕ) Почитувани пратеници, јас мислам дека од сета оваа досегашна дискусија дојде дека сме во шума, а да не можеме да ги најдеме дрвата. Сметам дека премногу се одалечивме од темата и сите си земаме за слобода за зборуваме и сешто. Го молам господин претседателот понатаму стриктно да придржуваме кон дневниот ред, односно точката што е за дискусија.

СТОЈАН АНДОВ: Благодарам. Вам ви благодарам, меѓутоа, кога некој се јавува не можам да му дадам збор, тој се лути, а не знам што ќе зборува кога ќе се јави. Има збор пратеникот Тито Петковски.

ТИТО ПЕТКОВСКИ: (СКМ - ПДП) Почитувани пратеници, јас мислам дека ќе се согласите дека имаме најлоша стартна позиција за преговорите за идното устројство на Југославија. Па да не ја влошуваме сами позицијата понатаму, барем што можеме на овој план да сториме и овој нареден период што ни претстои да го искористиме .. максимално. Овде слушнавме информација за текот на вчерашните разговори од претседателот на Претседателството ни беа понудени неколку заклучоци. Мислам дека треба да бидеме и рационални и конструктивни, впрочем и заради она што го реков на почетокот сами да си ја олесниме положбата.

Веројатно, многу полесно ќе беше ако бевме во состојба да го избереме легитимниот преговарач, горе, јас се извинувам немојте да ме сфатите погрешно дека го доведувам во прашање вашиот легитимитет, меѓутоа, сметам дека авторитетот на новото раководство пред другите преговарачи ќе биде поголем. Тие сакаат да разговараат со идното раководство на републиката. Според тоа е најлесниот пат, а дотогаш мислам ако можеме да дадеме неколку сугестии за платформата што во овој момент е рационално и можно ова раководство да ја изготвува до наредната седница на која ние ќе ја гледаме. Во таа смисла млслам да предложам неколку сугестии:

Прво, да се има предвид економскиот аспект за којшто овде разговаравме, зашто за Македонија тој ќе биде најтежок. Како и другите републики и ние ќе донесеме декларација за суверена македонска држава, за промена на знамето, за промена на имињата на плоштадите, улиците и така натаму, можеби сето тоа, меѓутоа, тоа е од краткотраен век. Од тоа не се живее, понатаму сиромаштијата ќе дојде на врат и економските проблеми многу потешко е да ги решаваме. Некој умен човек рекол дека

политичка револуција да се направи за еден ден меѓутоа, економска револуција не може да се направи за еден ден ниту да се направи за една година. За тоа ќе треба стратегија. Во оваа смисла мислам дека е многу потешка задачата на оние што ќе ја изготвуваат платформата за преговорите за идното устројство на земјата. Мислам дека тоа е прва задача, а ова претходното ќе го завршиме.

Второ, мислам дека во ова платформа како едно од вклучните прашања во Југославија мора да бидат, меѓунационалните односи. Еве, вие овде гледате како провејуваат на овие наши расправи секојдневно и веројатно дека никој не се носи со илузијата дека се решени и малку да се започнати да се решаваат меѓунационалните односи во Македонија и Југославија. Според тоа, едно од клучните прашања кое ќе ги детерминира односите во Југославија, се меѓунационалните односи, а тие верувам дека ќе бидат и основната линија за разграничувањето дали Југославија ќе ја градиме, трета Југолавија на урнатините на оваа или по демократски пат што во овој случај со овие аспекти што ни ги изнесе претседателот овде јас лично не верувам, ако се имаат предвид интересите на Хрватска со за да не ја изгуби територијата, задржување на Србите во рамките на својата држава, Србија која не сака да прави држава со еден дел 30%, од кој еден дел живее надвор од границите на Србија. Тоа не може по мирен пат да се реши, а ако меѓунационалните односи не се функцираат на здрави односи.

И трето, исто битно, кога ја правиме платформата и меѓународниот контекст којшто сега преговараме за Југославија. Тој не е ист за Словенија, така што впрочем не е ист и за Хрватска и за Македонија мислам дека ќе биде уште потешко. Според тоа, сите овие варијатни кога се имаат предвид, овие неколку елементи, ова го нагласувам последното, затоа што и Македонија е опкружена со оние што не нб признаваат, апсолутно ниту за држава ниту за народ, не е исто што Словенија на пример гравитира и се граничи со еден ци-вилизациски свет, кој има и економски и политички врски. Меѓутоа, не се залагам, ниту пак со ова сакам да алудирам на некои конкретно решение, но овој контекст не смее да се испушти од вид.

И четврто, што сакам да сугерирам, кога ќе се расправа, бидејќи еден од заклучоците беше третиот или четвртиот што ни беше овде понуден, беше да се расправа и ова Собрание да одлучи дали федерација или конфедерација. Лично мислам дека тој проблем веќе се префрла на емотивен план. Тоа се сведува на теренот на победници и победени, која варијанта да победи. Сметам дека е беспредметно инсистирањето на варијанта федерација или конфедерација. За мене е најбитно ние овде да се договориме што сметаме, кои функции од чисто државните функци на Републиката треба да се вршат на ниво на Сојузната држава, кој е интересот на Македонија за да можеме да седнеме да разговараме со сите југословенски држави. Според тоа, ако сме исклучиви за едната варијанта, нема договор со едните, за другата нема разговор со другите. За мене е најсуштествено или државни функции сметаме дека е порационално да се вршат на ниво на Република Македонија како суверена држава. Варојатно ќе се сретнеме со другите републики и некои интереси и на таа основа да ја градиме идната југословенска заедница. Исклучувавњето за една или друга варијанта, ќе води само расцеп, оддалечувањето од просторот за дијалог.

НИКОЛА КРСТЕВСКИ: (ВМРО-ДПМНЕ) Предлагам дискусиите да се прекинат, бидејќи не можеме да бидеме корисни. Исто така, укажувам дека Информацијата од претседателството, имаме позиција да ја прифатиме или да не ја прифатиме. Другата

обврска немаме. Ние одиме дури лични проблеми да разрешуваме, такви се уставните обврски. Прифаќаме или не прифаќаме.

Предлагам Информацијата со предложените ставови да се констатира дали се прифаќа или не. И со тоа да завршиме зошто таа никој не ја негираше, а дава можности понатаму да размислиме, па во наредниот период во Собранието па и ние лично да се преслушаме дали дава придонес, бидејќи таа ни отвора можност со тоа што и Претседателството сепак е државен орган кој добива легитимитет од нас и затоа доаѓа ситуацијата тука така, ние да ја црифатиме или да не ја прифатиме Информацијата. Толку е нашата обврска. Кога ќе работиме за Уставот за националните права, тогаш ке има простор за расправа.

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:(ВМРО - ДПМНЕ)Прво да го изразам своето мислење дека јас не сфатив дека оваа Информација ќе треба само да ја прифатиме, туку како една провокација ја сфатив од Белград, како еден одзив од таму како сега ние се гледаме во тоа што упативме сигнал и што ни се врати, односно доколку ја испитавме на некој начин цврстината на нашата или позицијата во преговорите на Македонија. И не гледам зошто може да се замери зошто разговоараме во тие рамки. Се јавив накратко да кажам на господата од ПДП дека Македонија е доволно јака и во оваа економска состојба во поглед на бранење на својот суверенитетот, со среќа, со демократските процеси што се одвиваат како гаранција. Така да не радува ако господата доаѓаат со маслинови гранчиња, ги оставаат другите, па доаѓаат во Парламентот, но сеедно било какви гранчиња да имаат да не помислуваат со лоша проценка на некоја авантура, јас пак ќе им порачам.

СТОЈАН АДНОВ: Благодарам. Ајде да завршиме сега по овие работи, а да се договориме за ова за што треба да се договориме.

Може ли така? (Може)

Ве молам, предлагам Информацијата што овде ја изложи усмено претседателот на Претседателството на СРМ, д-р Владимир Митков, да се усвои. Притоа, јас после заклучоците, кога ќе заклучиме ќе ги набројам повторно и во врска со секој нешто ќе кажам како едно дополнително образложение.

Затоа, ве молам усвојувањето да го потврдиме со гласање, ако мислите дека таа треба, а бидејќи ставовите што беа застапувани беа со гласање и утврдени со гласање, а ние сега полагаме сметка за ова.

Молам, кој е да се усвои Информацијата да дигне рака? (Пратениците креваат рака).

Очигледно имаме мнозинство, убедливо мнозинство за.

Дали е некој против? (Никој)

Дали има воздржани (1 паратеник).

Еден воздржан, нема никој против, а останатите се за усвојување на Информацијата.
Мислам дека претседателот Митков одеше по еден логичен ред и треба да видиме

како и како е заклучено и каде како по она што беше договорено во Белград.
Во Белград на разговорот во Претседателството, беа фактички договорени два круга активности. Едниот круг има два дела.

Првиот е за уредуваше на односите до овде, еден договор за функционирање на постојниот систем и механизмите за системот, финансиски и политички итн. додека не се постигне договор, но историски договор за Југославија или да се разидеме и нема договор. Тоа од едни се предлага за 6 месеци, а од некои други сДв вели дека ќе биде една година.

За таа активност, треба договорот да се донесе на 23 јануари. За стабилноста на тој договор изграденост на интересите на нашата Република, некој ќе треба до 23 јануари крваво да работи. И, тоа не може во овој момент никој друг да го работи, туку Извршниот совет, во овој состав каков што е, зајакнат со стручњаци, кои се само стручњаци, а не се политички функционери кои кога ќе потребаат нема кој да работи на тоа, затоа што Сојузниот извршен совет со тие извршни совети ќе ги подготвува до 23. Ова и затоа што мислам дека до 23 и се оптимално да се одвива ние не можеме Владата да избереме. Тоа е друго прашање. И затоа, му сугерирам на Извршниот совет да прибере уште една стручна екипа, која што стручњаци ќе остане овде после одењето на овој Извршен совет и доаѓањето на Владата, може некој стручен континуитет да се обезбеди.

Извршниот совет, ако во овој период беше почната работата на сочинување на таканаречените поделби на обврските на Федерацијата што е втор договор од првиот круг на договори треба истотака да биде вклучен во изборот на нова влада. Таму ќе дојде до расчинување на сите обврски на Федерацијата по републики. За тоа се сложија таму сите републики. Да дојде тоа и да се види. Која ќе биде после судбината и што ќе се постигне е друга работа, прво да се види и на тие материјално односи. Затоа треба Извршниот совет, ако ја почне таа активност, Сојузниот извршен совет да се вклучи и да постави шема на стручна обработка.

Ние мора да настојуваме така да направиме на 23 јануари Републиката да ја претставува претседател избран од овој Парламент. Ова што се однесува на Извршниот совет и неговите активности до 23 една работа е,- а друга работа е околу Претседателството. Претседателството ќе се појави на 23 доколку не сме избрале претседател. И ве молам тоа мора да се појави ако не сме избрале. Тоа е друго што мора да се појави. Друга работа е тоа што е извонредно слаба позиција за нас. Тоа само ќе значи дека ние не сме во состојба да избереме дотогаш претседател и што имаме ние шеф на државата, што е избран двојност во системот. Шеф на државата што е избран од Парламентот кој бил не повеќе партиски и имаме Парламент што е повеќепартиски. Јас морам да ви кажам, претседателот Митков тоа го знае и другите тоа го слушаат токму од овие што се конституирани врз основа на повеќе-партиските избори, со нафрлувања дека се уште има републики, се уште има републики кои тоа не го постигнале. Тие не го оспоруваат легитимитетот ние ќе го дадеме на овие луѓе меѓутоа, тие велат колку е трајноста и така натаму. Тоа го кажуваат така да ние не треба ни луѓето ни претседателот од Претседателството да ги доведуваме во таква ситуација да мора да се докажуваат, ние треба да избереме шеф на државата, тие пуѓе не се ништо криви само сакаат да ни помогнат, меѓутоа, не ќе биде можно да останеме до 23-ти. Основно е Претседателството да го замениме со претседател на државата, да се избере легален претседател на државата, тој да си ги земе работите и да не се надеваме дека имаме решение додека тоа не го сториме. Сб

ова е сосема привремено и не е добро. Тоа зборува за една голема наша слабост. Еве тоа сакав само да го дополнам, а тој претседател треба да има клучна улога во разговорите и да закаже билатерални средби и овој предлог на претседателот Митков дека ние треба да бидеме активни меѓу себе во билатералните разговори со републиките треба да биде сигурно и да учествуваме во работата на Претседателството и таму да бидеме активни, тоа сигурно треба да се прифати како предлог.

Платформата што треба да биде подготвена за активностите, околу идното политичко уредување на Југославија би требало да се подготви од Уставната комисија. Таков е редот. Тогаш таа би имала навистина трајност и легитимитет и е на сигурност, а да биде донесена од страна на Парламентот. Понатаму, документот за сувереноста на македонската држава треба да биде подготвен во Уставната комисија и ве молам кога зборуваме за документ за сувереност на македонската држава, ниту од инает го правиме тоа, ниту што сакаме сами да останеме, туку во наредните разговори, не е на инает, туку за доброто на Македонија и за доброто на Југославија. Го правиме затоа што во наредните билатерални разговори во одделните републики кои утре ќе почнат, Македонија уставно-правно не треба да биде република од друг ред. Таа мора да има ист уставен решен статус како што има Србија, Хрватска и Словенија. Мора тој претседател и тие преговарачи, договорувачи да имаат еднаков третман, да не бидат доведени во нееднаква положба. Оттаму никој не сака со овој акт да ја изолира Македонија да ја оддели да ја отцепи и не знам што, туку да ја постави на иста рамноправна основа како што се и другите републики. Тоа е суштината на тој акт.

Кога стана збор, и кога претседателот Митков предложи Програмата да ја изготви Извршниот совет за мерките и активностите за заштита на економскиот систем, на економските интереси на стопанството и граѓаните на Македонија заради овие упади што се случуваат, тоа не е предлог ние да се изолираме. Не сакаме никому штета да назесеме. Не е тоа наш интерес. Навистина е стопанството и граѓаните не можат да останат без заштита од штети што нам ни се нанесуваат со едностраните акти на другите републики. Во тоа е суштината.

Морам да ви кажам целата оваа криза што сега ја чуствуваме повеќе отколку некои други републики, пратеникот Иванов најпластично за тоа зборуваше, не е предизвикана со активности во Македонија да се растури финансискиот систем на земјата, да се доведе во прашање некој механизам итн. Напротив, јас мислам што невино работеле тука и што чисто се држеле. Инаку, тоа е правиот однос, така треба. Но, заради нечистите работи на некои други средини, фактички еве до каде дојдовме и со кои последици.

Ве молам, мораме сега да бидеме свесни за тоа и да ги задолжиме луѓето од сегашниот Извршен совет да подготват се што можат да подготват како не би почнала новата влада. Ете тоа беа и предлозите и на овој начин јас би ги толкувал овие предлози и мислам дека е тоа сосема во ред.

Ако сакате и тие предлози да ги усвоиме.

Има збор пратеникот Ацо Спироски.

АЦО СПИРОСКИ: (ВМРО - ДПМНЕ) Ја ценам сериозноста на проблемот, мегутоа, сметам дека заклучоците што ги иузнесува прет-седателот на Собранието се неприфатливи за ВМРО-ДПМНЕ. Тука имавме доста дискусии во однос на конкретното прашање. Меѓутоа,

ние од ВМРО-ДПМНЕ наметнавме некои свои ставови. Тие не беа тука внесени, односно не бараме еднаш засекогаш да се разграничии со каков модалитет ние ќе настапиме во идното договарање. Тоа треба да биде појдовна рамка за сите натамошни разговори. Тука се кажаа многу варијанти, меѓутоа, без појдовна рамка не можат да се вршат ми се чини никакви преговарања.

Јас не би сакал сега многу да должам тука, меѓутоа го молам претседателот да не ги прескокнува нашите предлози, бидејќи беа дадени од името на парламентарната група на ВМРО - ДПМНЕ.

СТОЈАН АДНОВ: Ве молам, за кои предлози станува збор. Сугестијата на пратеникот Змјековски, е сосема вградена околу Претседателството. Сега има сосема ограничена функција. Ние мораме да имаме нов претседател, а не сега тоа е работата, луѓето само ги доведуваме во забуна.

АЦО СПИРОСКИ: (ВМРО - ДПМНЕ) Не се работи за тоа. Овде се работи за тоа, постојната власт да ги врши најодговорните функции во однос на Републиката. И додека ние се караме, наместо да избереме претседател, потоа формираме влада и понатаму, се настојува постојната власт и натаму во името на македонскиот народ да изнесува свои ставови, а тие не се конкретни.

Ставот на ВМРО - ДПМНЕ беше да се свика посебна седница на Собранието на кои ќе се расправа за двата досега понудени модели, модел на Федерација на Претседателството на СФРЈ и модел на конфедерација на Хрватска и Словенија. Баравме конечно Македонија да има конкретен став за иднината на Југославија. Тоа е појдовна рамка за сите други варијанти што натаму вие ги предлагате.

СТОЈАН АДНОВ: Ова дискусија сега ја гледам како целина.

Предложено е да се изготви платформа како ќе настапува раководството на Македонија во овие договори. Кога ќе расправаме за таа платформа ВМРО - ДПМНЕ нека настапи со предлог, ете да бидеме за конфералниот модел. Но, тогаш, зошто сега? Без расправа за тоа не се одлучува. Да работиме како што треба. Никој на пратениците од ВМРО - ДПМНЕ не може да им ги земе правото тогаш кога ќе расправаме за моделот и во Уставната комисија и овде да кажат се за конфедеративен модел, или да бараат тогаш овде да се расправа сите да бидеме за конфедеративен модел. Тогаш ќе се разјасниме. Така е таа работа. Како денес да се изјаснуваме дека посебна седница ќе биде само за тоа. Ќе биде за целата платформа. Јас се надевам дека ние, Македонците овде, дека македонската држава ќе изнајде сили да подготви многу повеќе отколку што е изјаснувањето за два постојни модели. Ние ќе мораме многу повеќе наши сопствени сознанија да изложиме. Инаку, тоа би било многу едноставно ако бидеме доведени во ситуација и целата расправа да ја сведеме на тоа дали сме за еден или друг модел што проникнале надвор од Македонија. Ако сакате и така можеме, само јас мислам дека и тоа може, но тоа да биде составен дел на расправата за платформата. Ние да имаме сопствена платформа.

Ве молам, дали сега уште инсистирате на таа посебна седница само за вакво определување или да одиме да се договараме. Јас предлагам сепак да одиме така.

АЦО СПИРОСКИ: (ВМРО - ДПМНЕ)Апсолутно е одржливо ова што го предложивте во натамошниот тек на нашето изјаснување по ова.
СТОЈАН АНДОВ: Сигурно, меѓутоа, дали се договоривме да имаме цела платформа или само

да се изјасниме по туѓите платформи? Помогнете сега, да не гласаме за се.После испаѓа дека не е баш толку тешко прашањето.

АЦО СПИРОСКИ: (ВМРО - ДПМНЕ) Сметаме дека на седницата која треба да се закаже ќе изградиме целосна, заедничка платформа.

СТОЈАН АНДОВ: Тоа е проблемот. Така е. Тогаш, дали се усвојуваат овие заклучоци како што сега јас ги формулирав, а врз база на предлозите на претседателот Митков и врз база на дискусијата и корекциите што овде беа внесувани.

Дали се согласувате така. (Се согласуваат)

Со овој договор што сега го постигнавме ја завршивме расправа по првата точка.

(Пратениците реагираат и бараат гласање за заклучоците) .

Добро, ве молам, кој е за нека крене рака? (Пратениците креваат рака).

Има ли некој против? (Нема).

Има ли воздржани? (Еден пратеник е вздржан)

Не ги пребороивме гласовите, меѓутоа, импресијата е за едно убедливо мнозинство.

Бидејќи никој не е против, само еден пратеник е воздржан, констатирам дека заклучокот е прифатен со еден воздржан глас, а сите други за.

Предлагам да преминеме на втората точка - Предлог на одлуката за намена на приходите на Народната банка на Македонија остварени по основ на камати на кредитите од примарната емисија.

Предлагам републичкиот секретар за финансии Методија Тошевски да објасни заш^о оваа одлука се носи и што е нејзината цел, што решаваме со неа.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ: Почитувани претседателе Андов, почитувани пратеници. Во еуфоријата од секаков вид што подолго време се случуваат во Југославија се дојде дотаму да се преземаат во одделни републики мерки кои одат на дефинитивно уривање на стопанскиот систем и на сите потсистеми во земјата. Во такви околности сите републики и посебно Социјалистичка Република Македонија, независно колку се залагаше и се залага за почитување на постојниот Устав и на сојузните закони и додека тие не се изменат е исправена со задоцнување, главно поради очекувањата дека органите на Федерацијата ќе стават ред во економската и политичката разединетост на Федералните единици, пред потребата да презема и посебни мерки заради обезбедување на минимум услови за реализација на економската политика во 1991 година и на задачите на реформата во Републиката.

На минатата седница на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, претседателот на Извршниот совет ве запозна со мерките што се преземени во Република Србија кон крајот на минатата година и со ефектите што како последица од тие мерки ќе се почуствуваат во целата земја и особено во Социјалистичка Република Македонија.

Како што ви е познато, Собранието на Република Србија изврши незаконита емисија на

пари во износ од 18,2 милијарди динари со што е направен упад во монетарно-кредитниот систем на земјата а која мерка досега не е позната ниту во економската теорија ниту во економската практика. Оцена е дека со ова мерка на Собранието на Република Србија е начнат и последниот заеднички темел на стопанскиот систем на Југославија, се нанесуваат ненадоместливи штети на стопанската реформа, а особено врз стабилноста и вредноста на динарот, се предизвикуваат нови односи во примарната распределба на пазарот на вештачки начин кое стопанството на Републиката не може да ги донесе. Тоа истовремено значи и почеток на нов хперинфлациски бран кој ги нарушува основните постулати на макроекономската политика во 1991 година.

Истовремено, сериозни се штетите кои можат да настанат на меѓународен план, а кои всушнсот ќе го оневозможат пристапот на Југославија кон меѓународните финансиски институции.

На минатата седница, исто така Извршниот совет заклучи да му достави на Собранието и определени предлог на мерки кои Собранието треба да ги донесе за соодветна заштита на интересите Еа стопанството на Социјалистичка Република Македонија. Во оваа смисла Извршниот совет имаше намера на Собранието на Социјалистичка Република Македонија да му предложи предлог за донесување закон за задолжување на Социјалистичка Република Македонија кај Народната банка на Македонија, со кредит од средствата на примарната емисија со предлог на закон за обезбедување средства за намирување на обврските што ги има Федерацијата спрема организациите и други субјекти од Социјалистичка Република Македонија.

Извршниот совет сметаше дека во сегашната состојба на ненамирени обврски на републиките и автономните покраини кон федерацијата и обратно, на Федерацијата кон нив и најновите пробивања во областа на монетарно-кредитната политика на ниво на земјата, најповолно решение би било да се обезбеди намирување на сите меѓусебни обврски и да се вратат незаконски креираните средства во износ од 18,2 милијарди динари.

Меѓутоа, имајќи предвид дека значаен дел од овие средства се веќе насочени во потрошувачката и дека, всушност, и не е можно да се вратат во краток период, Извршниот совет смета дека предлагањето на овој закон во Републиката во овој момент заради економските импликации е невозможен.

Во врска со економските импликации за кои се направија посебни аналитички согледувања за материјалните, финансиски и други ефекти што би можеле да настанат во работењето на претпријатијата во Македонија, за позначајни ги сметаме следните:

- непокриената парична маса која е креирана низ овој механизам без противвредност во реални добра ќе предизвика натамошно влијание од особени размери врз вкупниот обем на порастот на инфлацијата;

- со растот на внатрешните цени, а поради слабиот пробив на стоки на домашниот пазар и во странство не може да ги даде очекуваните ефекти и тој да се пренесе на други подрачја и во странство;

- динамиката на прераспределбата на доходот внатре во Републиката ќе биде без трајни ефекти а со зголемени загуби;
- еднократно зголемување на ликвидноста во стопанството на краток рок и без долгорочни

ефекти ќе предизвика зголемување на дефицитетите кај банките;

- неможност да се пристапи на девизниот пазар во земјата, а со тоа неможност да се врши увоз на стоки што предизвикува блокада на репродукцијата;

- неможност да се користат легално примарната емисија што отвора потреба за втор таков упад после евентуалниот прв, со што практично доаѓа до натамошни растројства и

- евентуалното растројство во банкарскиот систем брзо со празнење на средствата како депозити на граѓаните и брза блокада заради натамошниот мултипликационен ефект.

Од друга страна, за враќање на кредитот по овој основ Републиката ќе ги користи приходите обезбедени со привремено уплатување и насочување на дел од основниот данок на промет на производи и услуги во прометот, наплатената царина и други увозни давачки и лежарина што по постојните сојузни прописи и припаѓа на федерацијата, насочени на посебна републичка сметка, средства на Републиката за намирување на обврските по сојузните прописи или од реални средства обезбедени во Буџетот на Републиката. Тоа пак значи дека преземањето на обврските во Републичкиот буџет би барало во времето на враќањето на тие кредити на Народната банка на Југославија да се зголемат стапките на зафаќање од изворните приходи на Републиката за еден проектиран износ од околу 1,6 милијарди динари за повеќе од 50% што е неодржливо и неможно да се покрие со реални извори.

Од друга страна, користењето на приходите во 1991 година за наплата на побарувањата на Федерацијата од 1990 година, практично ќе доведе до намирување на можноста за извршување на правата што се формираат по основ на прописите во тековната година.

Реализацијата на еден ваков закон би предизвикал почетни ефекти во подобрувањето на ликвидноста кај конкретните корисници на одделни права на почетокот, но ќе предизвика и сериозни последици доколку во меѓувреме не се обезбеди извршување на обврските од страна на Федерацијата како што е пропишано со прописите.

Реализацијата на таков закон, конечно, може да предизвика примена на санкции од страна на Народната банка на Југославија предвидени со Одлуката за кредитно - монетарна политика, а кои се однесуваат за исклучување на деловните банки од можноста да се јават на девизниот пазар за купување на девизи за извршување на плаќањата во странство, а доколку се измени Законот за Народната банка на Југославија кој е во предлог и од исклучување во натамошното користење на кредити од примарната емисија од страна на банките во Републиката.

Оттаму, Извршниот совет оцени дека треба да се укаже на одговорноста на Сојузниот извршен совет, Собранието на Социјалистичка федеративна Република Југославија и претседателството на земјата што ја имаат заради необезбедувањето услови да се спроведува Уставот и законите на земјата чие неизвршување во континуитет предизвика и доведе покрај другото и заради нивното неенергично дејствување до цело финансиско растројство на стопанскиот систем на целосна финансиска недеисциплина, на целиот финансиски простор во земјата и во платниот промет на земјата, до разбивање на кредитно-монетарните агрегати, до оневозможување на остварување на мерките на економските реформи.

Собранието на Социјалистичка Република Македонија да побара итна седница на

Собранието на СФРЈ со цел да ги задолжи надлежните сојузни органи во наредните денови да ги преземат потребните мерки и да ги отстранат незаконитите дејства сега врз основа на резултатите од контролите кои сега се спроведуваат на народните банки на републиките.

Во врска со намирувањето на обврските на Фондот на Федерацијата кон Социјалистичка Република Македонија, ве информирам дека Извршниот совет со заклучок му наложи на Јавното правобранителство на Македонија да доведе судска постапка заради наплата на долгот од Федерацијата.

Второ, Собранието на Социјалистичка Република Македонија да се обрати до Собранието на СФРЈ со барање на вонредни седници на Сојузниот собор и Соборот на републиките и покраините да се разгледаат и донесат конкретни мерки во врска со намирените обврски на републиките и покраините кон Буџетот на Федерацијата и упадите во кредитно-монетарниот систем од аспект на извршените девизни трансакции во последниот квартал од 1990 година. Во овие рамки ве информирам дека Извршниот совет се уште не добил одговор од телексот што на 9 јануари 1991 година го достави до Сојузниот извршен совет со барање за преземање на сите законски овластувања во врска со упадот на Србија во монетарниот систем на земјата, како што всушност немаме добиено ниту одговори на повеќе телекси што во последните месеци од минатата година ги доставивме до СИС во врска со ненамирените обврски на Федерацијата спрема СРМ.

Покрај веќе донесениот закон и одлуката на Извршниот совет за насочување на основниот данок на промет, царини и царински давачи во Социјалистичка Република Македонија на Собранието на СРМ денес му предлагаме да донесе и одлука врз основа на која ќе престане да се уплатуваат во Народната банка на Југославија приходите од Народната банка на Македонија по основ на камата на кредитите од примарната емисија. Средствата за оваа намена вкупно за 1990 и 1991 година се оценуваат на околу 220 милиони динари. Укажувам, притоа дека како соодветна противмерка на оваа одлука, Народната банка на Југославија може да преземе мерки и да престане со пресметување и исплатување на каматата на средствата од задолжителната резерва на банките од Македонија да го забрани пристапот на девизниот пазар и натамошното учество на банките во користење на примарната емисија. Оттаму, предлагајќи ја одлуката треба заеднички да ги оцениме овие апскети.

Трето, покрај тоа Собранието на СРМ треба да побара од Собранието на СФРЈ донесување на акт за задолжување на Федерацијата кај Народната банка на Југославија во висина од четири милијарди динари за извршување на обврските на Буџетот на Федерацијата кон СРМ по сите основи и по обврските што произлегуваат од неуплатените средства по одделни републики и покраини спрема Фондот на Федерацијата за поттикнување на развојот на недоволно развиените републики и САП Косово.

Четврто, доколку барањата да се вратат средствата што незаконито ги емитираше Република Србија не дадат резултат и доколку Собранието на СФРЈ не донесе закон за задолжување на Федерацијата кај Народната банка на Југославија за намирување на обврските на Буџетот на Федерацијата и обврските по основ на средствата на Федерацијата за поттикнување на развојот на недоволно развиените, Собранието на СРМ треба да оцени што ќе преземе понатаму.

Од друга страна со оглед на развојот на состојбите во одделни републики на Југославија, Република Словенија која го заокружува својот државен и стопански систем, Република Хрватска која го заокружува својот кредитно-монетарен систем Република Србија

која ја заокружува вкупната државно-стопанска структура неминовно ќе биде Собранието на СРМ да утврди акт за заокружување на самостојна и суверена македонска држава со интегрален стопански систем и со дефинрање на потсистемите во тој систем.

Во врска со ова Извршниот совет на Собранието на СРМ,Уставната комисија и Владата треба брзо да подготват уставен акт за самостојна и суверена држава, акти што ќе го дефинираат интегралниот стопански систем со заокружен даночен систем, со заокружен кредитно-монетарен систем, со заокружен паричен систем, царински систем, систем на цени, девизен систем, систем на поттикнување на неразвиените подрачја на републиката и потсистеми во другите сфери на животот.

Под таквата конституција на системот да произлезат функции што би биле од интерес за заедничко извршување во земјата.

Мерките треба да бидат донесени веднаш освен последната која треба да се реализира во динамика и на начин што ќе го утврди Собранието на СРМ.

СТОЈАН АНДОВ: Ве молам, го слушнавте образложението на одлуката која треба да се донесе и во овој момент на тоа треба да се ограничиме инаку делот кој се однесува зошто законот не е ни предложен ни донесен тој е предложен и нема што за него да дискутираме и за овие мерки кои потоа ќе ги расправаме, тие можат да произлезат единствено од платформата која ќе ја усвои ова Собрание. Затоа да се ограничиме и да го усвоиме ова образложение кое е сврзано за одлуката.

Ве молам, дали некој друг бара збор? Има збор пратеникот Шабан Превала.

ШАБАН ПРЕВАЛА: (ПДП) Акцептирајќи го излагањето на колегата Тошевски, само сакав да кажам дека се случуваат работи кога Србија како и Хрватска и Словенија откако се стекнаа со подобар политички статус сега пред претстојните разговори и договори за иднината на Југославија, Србија направи своевидна економска диверзија во нашиот економски систем особено кредитно-монетарниот систем.

Мислам дека мерките што се предлагаат тука заслужуваат внимание и лични ги поддржувам, со тоа што пред Сојузниот извршен совет оправдано се наметна потребата конечно да застане цврсто на свои нозе и да преземе мерки да престане ерозијата на нашиот политички и економски систем затоа што доколку се продолжи со тоа, фактички се нарушува основата на Сојузниот извршен совет и се доведува во прашање опстанокот на Владата толку популарна на Анте Марковиќ.

Со оглед на тоа што со упадот на Србија во монетарно-кредитниот систем се направи своевиден преседан, тука се наметнува потребата и соодветни мерки против факторите, уставновите и органите кои придонеле за таквата состојба.

Мое мислење е дека е тоа своевидно контрареволуционерно однесување кон нашиот систем и не може тукатака да се премине преку тоа зашто последиците од еден таков акт, пред се ќе ги почувствуваме ние кои очигледно доцниме со нашето заокружување, со нашата сувереност како Република и поради тоа сметам дека ќе треба да се дејствува така Сојузната влада да си го најде местото во решавањето на проблемите што избија со оваа своевидна економска диверзија. Се разбира, во оваа ситуација ние како Република немаме друго решение,мораме да одиме на одредени компензации какви такви и ако не се елиминираат

негативните ефекти од таков акт, тогаш барем да се амортизира. Лично мислам дека тој спектар на мерки веројатно на кои можат да се додадат и други, лично би ги поддржал.

Меѓутоа, тоа не значи дека треба да се прекине со некоја соработка или деловен однос со фирмите од Србија, односно од другите подрачја, меѓутоа, лично мислам гледајќи од микро-аспект ќе треба да се води сметка со кои фирми се влегува во деловен однос пред се, тргнувајќи од бонитетот на таквите фирми, сигурноста, ризикот и последиците по основ на таквиот однос со таквите фирми. Значи, соработка и деловен однос само со отворање очи. Се разбира, напоредно со решавањето на проблемот на ова упаѓање во монетарно-кредитниот систем ќе треба да се инсистира Србија да ги врати средствата што побргу.

Од дневниот печат слушаме дека 3 милијарди динари се вратени. Јас мислам дека тие средства треба да се вратат побргу доколку сакаме да не ги почувствуваме негативните ефекти по однос на штетите што би ги евидентирале во економската политика особено ако не сакаме да се соочиме, пак со висока стапка на инфлација и со сите последици од таквата стапка.

ЉУБОСАВ ИВАНОВ:(СПМ)Јас ќе бидам краток, многу од овие мерки претходно Собранието ги има донесено, една од тие мерки која треба да ја донесеме, како што можеше да се слушне тука, тоа е да не ги уплаќаме каматите од примарната емиисија и беа кажани кои последици можат да настанат од тоа што ги преземе Сојузната влада.

Мене најмногу ме загрижува и мислам дека најголем проблем може да преставува ограничувањето на пристапот на девизниот пазар. Ако веќе постои таква опасност, тогаш Владата мораше да разработи како тој проблем ќе може да се надмине. Дали можеме ние да формираме девизен пазар, со такви средства ќе го формираме тој девизен пазар, од каде и кои извори ќе бидат за формирање на тој девизен пазар? Дали можеме утре да останеме без бензин, дали можеме да останеме без нафта, дали можат да престанат нашите фабрики да работат поради немање на резервни делови, поради неможност на увоз на репроматеријали?

Мора да се разработи цел систем, како тоа што го прават другите републики. Јас мислам ако го разработиме тој систем, тогаш ќе ги погледнеме огромните последици во кои би западнале поради нашиот негативен девизен ефект. Мораме многу трезвено да му пријдеме на целиот проблем од стручна гледна точка.

ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:(ПДПМ)Со внимание го слушав образложението на другиот секретар Тошевски, меѓутоа, искрено да кажам на нешто не добив одговор, не добив одговор на прашањето кој е билансот на мерките и контра мерките за да се одлучиме по ова прашање, мислам дека е потребно да го имаме тој биланс.

Сакам да кажам колку ќе имаме штета од донесување на ваква одлука, а колку ќе имаме корист. Лично мислам дека единствено можеме да донесеме ваква одлука, но која ќе биде од привремен карактер.

СТОЈАН АНДОВ: Јас мислам дека дискусиајта на господинот Ајдарага е формулирана како прашање. Ако може попрецизно да се изјасниме дали имаме пресметка на билансот на ефектите од одлуката?

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ: Во врска со прашањето, во врска со ефектите од одлуката, јас го спомнав износот од 220 милиони динари кој е ефект за четвртото тромесечие од 1990 и за 1991 година, а во однос на каматата по средствата за задолжителната резерва која се пресметувала

во текот на 1991 година, треба првин да се има предвид дека стапката на задолжиотелната резерва е променлива, од тоа ќе зависи во текот на годината каков ефект ќе се формира врз база на депозитите на банките врз кои се пресметува задолжителната резерва. Според состојбата која е сега, таа е околу 1/4 од износот на тие ефекти.

ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:(ПДПМ)Мислам дека прашањето е многу јасно и колегата Иванов тоа го спомна ако не исклучат од девизниот пазар што значи тоа? Во таа смисла го поставив прашањето комплетно што значи тоа не само да се одговори во однос на каматата. Тоа ми беше прашањето. Јас мислам дека едно такво сознание денеска немаме. Јас имам такво убедување.

БОРКО СТАНОЕВСКИ:(гувернер на НБМ) Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Ова е одлука на која може да има ограничени контра мерки од страна на Народната банка на Југославија и затоа денеска од страна на Извршниот совет е предложена. Се работи за 1991 година ефекти во износ од околу 200 милиони динари. Тошевски рече дека каматата која Народната банка на Југославија може да ја задржи по основ што е должна да ја уплати по основ на издвоена задолжителна резерва на банките, изнесува околу спрема сегашните прописи 1/4 од тоа, односно околу 50 милиони така што нето ефектите по оваа мерка за Републиката би изнесувале 150 милиони динари. Нема правен основ Народна банка на Југославија поради оваа одлука на Собранието да презема други противмерки освен мерка против гувернерот на Народната банка на Македонија, заради непочитување на одлуката на Советот на гувернерите.

Мислам дека како таква оваа одлука треба да се донесе, а доколку има најави дека масата на задолжителната резерва значитено се зголеми како една од мерките на линеарна санација на банките ако до тоа дојде веројатно ќе бидеме предлог Собранието да ја преиспита мерката и да ја промени во смисла како ќе биде најцелисходно за ова Собрание и за стопанството во Републиката.

СТОЈАН АНДОВ: Инаку образложението го разбрав дека оваа одлука и сите други предлози што ги спомнуваше како можни Тошевски, фактички треба да престанат да важат и да не ги донесуваме доколку на 23-ти јануари се постигне договор кој ќе биде почитуван, ова што се договараме овде. Дали е така?(Гласови на одобрување).

Во такви услови, како позиција за тие разговори оваа одлука се усвојува сега.

Молам, кој е за усвојување на одлуката да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали има против? (Нема).

Дали, некој се воздржува (1 воздржан)

Со еден воздржан и без глас против, со убедливо мнозинство Одлуката е усвоена.

Објавувам дека Одлуката за намена на приходите на Народната банка на Македонија остварена по основ на каматата на кредити од примарната емисија е донесена.

Преминуваме на третата точка - Избор на претседател и членови на Комисијата за уставни прашања.

Го молам претседателот на Комисијата за избори и именувања Никола Крстевски да

поднесе предлог за претседател и членови на Комисијата за уставни прашања.

Има збор пратеникот Никола Крстевски.

НИКОЛА КРСТЕВСКИ:(ВМРО-ДПМНЕ)Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на СРМ предлага Собранието, на денешната седница да донесе одлука за бројот и составот на Комисијата за уставни прашања на Собранието на СРМ.

Комисијата за уставни прашања има претседател и 28 членови. Претседателот и 17 членови се избираат од редот на пратениците на Собранието на СРМ а 11 членови се избираат од редот на научните и стручните работници од областа на правото.

Од редот на пратениците се избираат: претседател: Стојан Андов, а за членови: Драги Арсов(ВМРО-ДПМНЕ)Томислав Стојановски(ВМРО-ДПМНЕ) Томе Стефковски(ВМРО-ДПМНЕ) Ацо Спировски(ВМРО – ДПМНЕ) Драги Гроздановски(ВМРО-ДПМНЕ) Петар Гошев(СКМ ПДП) Тито Петковски(СКМ ПДП) Наќе Стојановски(СКМ ПДП) Славјанка Стојанова(СКМ ПДП) Абдурахман Халити(ПДП) Насер Зибери(ПДП) Зуби Емини(ПДП) Зоран Крстевски(СРСМ) во коалиција со МДПС, Панче Насев(СРСМ во коалиција) Киро Поповски(СПМ) Ристо Стаменов( Странка на Југословените) и Ефтим Манев, независен пратеник.

Членовите на комисијата од редот на научните и стручните работници од областа на правото ќе бидат дополнително избрани.

Ова одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СТОЈАН АНДОВ: Отворам претрес по Предлогот за избор на претседател и членови на Комисијата за уставни прашања.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлагам гласањето да го извршиме со кревање рака.

Кој е за предложениот состав на Комисијата за уставни прашања, молам да крене рака? (пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласањето. (Никој).

Констатирам дека е донесена Одлуката за бројот и составот на Комисијата за уставни прашања на Собранието на СРМ, во следниот состав: за претседател Стојан Андов, а за членови: Драги Арсов, Томислав Стојановски, Томе Стефковски, Ацо Спировски, Драги Гроздановски, Петар Гошев, Тито Петковски, Наќе Стојановски, Славјанка Стојановска, Абдурахман Халити, Насер Зибери, Зуди Емини, Зоран Крстевски, Панче Насев, Киро Поповски, Ристо СТаменов и Ефтим Манев.

Преминуваме на четвртата точка - Избор на пратеничка група

Предлагам сега да избереме пратеничка група која ќе го испита ова прашање дали има или нема поништување на документацијата во Службата за државна безбедност, а рекоа и во Службата за јавна безбедност во РСВР, а потоа да го разгледаме извештајот на таа група и тогаш да расправаме за тоа.

Дали се согласувате со овој предлог? (Се согласуваат).

Ако ми допуштите имам еден предлог за состав на оваа пратеничка група. Предлагам во неа да бидат: Борис Змјековски(ВМРО-ДПМНЕ) Драги Арсов(ВМРО-ДПМНЕ) Флоре Масалковски(СКМ – ПДП) Авди Муртезани(ПДП) и Славе Наумовски (СРСМ).

Претпоставувам дека во врска со овој предлог е консултирана Комисијата за избори и именувања и таа ги има направено консултациите околу составот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Предлагам да гласаме.

Кој е за, молам да крене рака? (Повеќето пратеници креваат рака).

Дали има некој против? (Еден пратеник е против).

Дали некој се воздржува од гласањето? (Двајца пратеници се воздржуваат од гласањето).

Констатирам дека со 1 глас против и 2 гласа воздржани со убедливо мнозинство е усвоен Предлогот за оваа пратеничка група.

ИЛИЈА ИЛИЕВСКИ:(Партија за човекови права) Ако може да се јавам за збор.

СТОЈАН АНДОВ: Треба да дискутирате по точката.

ИЛИЈА ИЛИЕВСКИ:Можам сега да се јавам за збор, јас сум претседател на Партијата за човековите права. Морам да се обратам и да кажам што барам.

СТОЈАН АНДОВ: Не можете.

ИЛИЈА ИЛИЕВСКИ: Имам право да се обратам до Собранието и да побарам збор само на 5 мин.

СТОЈАН АНДОВ: Не, немате. Ако ве поканиме овде, можете.

ИЛИЈА ИЛИЕВСКИ: Во врска со оваа точка, ако Собранието одлучи барам збор само на 5 минути.

СТОЈАН АНДОВ: Претседател на Партијата за човековите права на Македонија е гостин, но не е повикан на оваа седница, сам дошол.

Ве молам, имаме начелен договор, раковидителите на партиите можат да дојдат, но не

се повикани гости ако немаат покана. Ако имаат покана да бидат гости, тие можат и да земат збор, инаку не можат да земат збор. Тоа е начелниот договор.

Ако во овој случај Собранието прифати посебно да му dадеме збор на претседателот на Партијата за човековите права, да му дадеме.

Кој е за тоа да му дадеме збор, молам да крене рака? (пратениците креваат рака).

Кој е против? (1 пратеник е против)

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).

Ве молам, барањето беше 5 минути да зборува.

Има збор Илија Илиевски, претседател на Партијата за човековите права на Македонија.

ИЛИЈА ИЛИЕВСКИ: (Партија за човековите права)Јас сум претседател на Партијата за човековите права на Македонија со седиште во Струмица.

Го поздравувам Првото повеќепартиско Собрание на Македонија.

Партијата на човековите права на Македонија овој режим од ослободувањето до денес го смета за тоталитарен, сталинистички и полициски. (Некои пратеници ракоплескаат). Граѓаните на Македонија се живи мртовци. Тие се на смрт заплашени луѓе, на чии врат се уште стои раката на политичката полиција на Комунистичката партија. На старата, не на оваа во овие клупи, не на Партијата на Гошев, туку на неговата (се врти кон сликата на другарот Тито) сталинистичка партија. (во салата се слушна аплауз)

На ова Собрание лежи таа политичка полиција под итно да ја распушти. Граѓаните на Македонија од ослободувањето до денес се наоѓаат во најтешкото ропство во својата историја. (Повеќето пратеници демонстративно стануваат и масовно ја напуштаат салата). Под робувањето на сопствената сталинистичка бирократија.

На ова Собрание лежи да ги ослободи од тоа ропство. Сметм дека на Собранието за тоа ќе му треба храброст, борбеност и солидарност и сметам дека ова Собрание ќе ја има. Благодарам на вниманието.

(Аплауз од еден од останатите пратеници).

СТОЈАН АНДОВ: Со ова е исцрпена работата на оваа седница.
(седницата заврши во 21,15 часот).